# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Четвртото продолжение на Педесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 19 октомври 2000 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија со почеток во 11,35 часот.

Со продолжениот на седницата претседаваше г-динот Саво Климовски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Со оглед дека имаме 63 пратеника присутни на седницата констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Процедурално г-динот Радомир Карангелески побара збор.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници.

Пратеничката група на ДА изразува протест по повод вчерашната изјава на гласноговорникот на Владата на РМ во која тој изнесе дека Собранието се занимава со глупости.

Можеме малку да одбиеме на младоста на гласноговорникот, меѓутоа заради дигнитетот на ова Собрание во најмала рака очекуваме тој да се извини на Собранието на РМ а Владата сама нека процени дали тој и понатаму треба да ја обавува таа должност.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-динот Никола Поповски бара збор процедурално.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Г-дине претседателе јас во името на пратеничката групна на СДСМ исто како и колегата Карангелески би се придружил на неговото излагање.

Мислиме дека е крајно непријатно затоа што портпаролот на Владата настапува во име на Владата, да даде оценка дека Парламентот се занимава со глупости.

Наполно се придружуваме на ваквите ставови на пратеничката група.

И ние бараме да се произнесе Владата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-динот Ѕвонко Мирчевски и г-динот Амди Бајрам се јавија процедурално.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Почитувани колеги пратеници почитуван г-дин потпретседателе и ВМРО - ВМРО , исто така протестираат заради односот на гласноговорникот на Владата во однос на работата на Собранието.

Јас мислам дека тој треба да си ја извршува својата работа, а ние овде во Собранието сме тие што одлучуваме и кажуваме за што ќе работи Собранието, а и должни сме да вршиме контрола врз работата на Владата.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Јас се извинувам , но моето пријавување е грешка.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор г-динот Сејфедин Харуни, процедурално.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Г-дата претходници што реагираа за гласноговорникот на Владата, Милошовски, исто така и ПДП и се придружува.

Да му се пренесе дека локалните избори се врвен скандал пример како не треба да се спроведуваат демократските процеси во РМ. Демократските права на граѓаните се нарушени, права на граѓани кои се гарантирани со Уставот на РМ. На тој г-дин треба да му се пренесе дека со локалните избори РМ се покажа со најсомнителен легитимитет на Балканот и на овие простори и како таква се покажува како најнестабилна држава на Балканот.

Треба да му се пренесе на г-динот Милошовски дека не постои политичка волја за соработка меѓу Владата и Парламентот, а неговите настапи досега ние сме ги чуле и од него многу сме се начуле досега и дека тој застапува партиски мислења.

Сум Владата на РМ неговото однесување да го преиспита.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-да пратеници јас мислам дека со право се реагирањата од ваша страна.

Навистина ми се чини дека се изместени некои односи и дека ова сакам да го сметам само како еден излет на портпаролот, многу невкусен , многу непријатен за Парламентот. Ако некој има најмалку право да ја коментира работата на Парламентот тоа е портпаролот и Владата во целина. Очигледно тие заборавиле дека својата моќ ја имаат и ја црпат од овде, а дека неговата , лична моќ е од Владата и

според тоа го прифаќам протестот и ќе бараме јавно да ни се извини за кажаното, а Владата да си заземе став и да се произнесе по тоа дали ќе го задржи како портпарол, дали ќе му даде одредена критика итн, не навлегуваме во нивните меѓусебни односи.

Ако се согласувате тоа ќе го соочиме во писмена форма и ќе го доставиме до Владата.

Мислам дека револтот од наша страна е оправдан и дека ќе биде изразен на овој начин како што мнозинството на парламентарните групи го искажаа.

Има збор г-динот Биљал Љутвиу.

**БИЉАЛ ЉУТВИУ:**

Г-дине претседателе јас сакам да се оградам од вашиот заклучок во име на сите пратеници. Не се согласувам со тоа, не го прифаќам воопшто протестот за сите пратеници.

Јас го имам тоа право,затоа што станавме во овој Парламент циркус. Имаме информација од Владата за локалните избори кои лица

се предмет на судовите, а нема поголем циркус да се закажува седницата и да нема кворум за работа уште на почетокот.

Ние не можеме на никој да му го отуѓуваме правото да не квалификува па било тоа да е портпарол на Владата, или пак другите обични граѓани. Вие не сте ја воделе завчера седницата, не знам дали сте ја следеле, стана циркус во ова Собрание, наместо да реплицира тој на кој му се споменува името, ќе скокнат уште пет-10 пратеници, така да на крај излегува за шест - седум часа, колку трае седницата да зборуваат пет дискутанти од пријавените, а сите други се пратеници што полемизираат. Што на крај има од тоа? Што добива граѓанинот на РМ ? Добива наши трошоци, наместо парите да одат на места каде што треба да се инвестира, тие средства ние ги трошиме овде во вид на дневници или патни трошоци.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-дине Љутвии не се работи затоа каква оценка имаме ние за себе и каква оценка имаат граѓаните за нас.

Се работи за еден принципиелен став дека не може Владата да говори за работата на Парламентот. Ќе ве молам, друго е прашањето колку чини, како чини итн. Ние гласавме и така се договоривме и така ќе работиме. Дали е тоа продуктивно или не, не е прв пат, но јас ви го кажувам принципот кој од каде ја влече својата моќ и кој до каде може да говори. Ако сме дошле еден портпарол во име на Влада нас да ни држи лекции, па ќе ве молам, ние можеме меѓу нас тоа да си го кажеме , да се оградуваме да бараме од граѓаните, но сфатете дека извршната власт е под наша политичка контрола, а не сме ние под нивна. Тука го гледам проблемот. Принципиелен е протестот. Не е протестот колку чини и како чини. Ние мораме да се заштитиме како пратеници од тоа што сме се симнале на едно ниво еден портпарол нас да не критикува. Јас разбирам тоа да го каже некој кафиќ, меѓу некои свои врсници, но да го каже од официјална говорница, ќе ве молам, тоа јас не можам да го прифатам. Навистина не можам да го прифатам, тоа не е во ред. Затоа, ние и благо реагираме, верувајте ми благо реагираме не може секој да дава оценка за се и сешто и ние да останеме индиферентни на тоа. Ќе видите што ќе биде следниот чекор, после тоа ако поминеме така.

Г-ѓата Ѓулистана Марковска побара збор.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван претседател, дами и г-да пратеници.

Јас жалам што немав можност вчера да ја следам директно изјавата на портпаролот на Владата, г-динот Антонио Милошовски и затоа се јавувам малку подоцна, можеби не е во ред да коментирам изјава што не сум ја слушнала, но еве средствата за јавно информирање ја пренесуваат веројатно автентично.

Се придружувам кон протестот дека не е во ред да се зборува од страна на портпаролот дека Собранието, во Собранието се зборуваат глупости иако малку е ми се чини, извадено од контекстот. Можеби, се разбира тоа не е оправдување, беше речено во контекст дека не е донесен законот за одбрана, за кој што рековме дека е наш приоритет и чиј што рок беше 29 септември, како и законите за кои што рековме дека ќе ги донесеме на оваа седница. Тоа е Законот за хипотека и Законот за заложба за подвижни предмети, кои што се трета и четврта точка на оваа седница. Меѓутоа, ако е за утеха сметам дека портпаролот се оградува и вели дека лично не се согласува. Ова го цитирам од весникот "Нова Македонија" и сметам дека се работи за негов личен став. Апсолутно Владата не е инволвирана во тоа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Бидејќи сите по ова прашање се јавуваат процедурално, да не водиме повеќе расправа.

Ако саката заклучокот денеска што е предложен од неколку парламентарни групи да го ставиме на гласање и со тоа да поминеме. Ако добие мнозинство ќе го формулираме така како што го формулиравме и да прекинеме со оваа расправа, да си одиме на темата, затоа што ќе изгубиме многу време.

Ќе ве молам, го ставам заклучокот - да се обратиме до Владата да побараме извинување од портпаролот и Владата да го процени неговото понатамошно однесување.

Во таа смисла ќе гласи заклучокот.

Ве молам да гласаме.

Вклучете го системот за гласање.

53 пратеници гласаа за, девет воздржани и три против.

Според тоа констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Тој ќе биде во текот на седницата формулиран и испратен до Владата.

Одиме понатаму.

По редоследот што го имаме направено требаше да говори г-динот Димитар Батковски, но бидејќи тој половина час е отсутен дозволи да зборува следниот по ред а тоа е г-динот Горѓи Котевски.

Му давам збор на г-динот Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и г-да, искрено ценети новинари кои повеќе дена ја следите оваа седница.

На самиот почеток сакав да укажам дека на ова денешно продолжение прв сум јас кој треба да зборува и на средбата со пратеничките групи сакав да дадам еден конструктивен предлог да ја прекинеме расправата бидејќи исцрпени се сите нешта од оваа информација што ја имаме на дневен ред.

Дадов предлог да се повлечат пратеничките групи и да донесеме соодветни заклучоци или било што во вид на декларација, како што ќе се договоревме, меѓутоа очигледно дека нема расположени за прекин на оваа седница и јас сум принуден и покрај мојата добра желба да земам збор и да учествувам во оваа расправа со желба и со надеж дека ќе ги смириме малку страстите и ќе ги лоцираме крициите на ваквата состојба на изборите во РМ. Да извлечеме една заедничка поука

како политички партии како треба да се однесуваме, како треба да делуваме во таа политичка активност и на крајот како собраниски дом што треба да направиме во поглед на законските акти и прописи од областа на изборната регулатива, да ги надградиме, да ги надополниме за да не ни се случуваат вакви нереди на самите избори, било да се локални или парламентарни.

Веднаш сакам да подвлечам дека политичките партии во РК имаат најголема одговорност за сите настани што се случуваат на самите избори. Некој повеќе, некој помалку, но сите со своето делување, со својата работа имаат одредено влијание за таквите настани. И овие настани што се случија во РМ за локалните избори ние не можеме да ги избегнеме апсолутно, бидејќи политичките партии со својата доктрина,

со својата програма и со својата кампања што ја водат придонесуваат во позитивна смисла дали тие избори ќе бидат слободарски или неслободарски, дали на тие избори ќе се случат насилија или ќе поминат во најдобар ред. Токму заради тоа сакав да укажам на еден сосема позитивен приод и на нешто што сакам да бидам сосема добро разбран. Да не биде тоа сфатено во духот на критизерството и дека Котевски од оваа говорница сака само постојано да критикува, а да не ги согледува вистинските потреби за оваа демократија што ние ја негуваме скоро девет години, а особено после донесување на нашиот нов Устав на РМ. Тоа го потенцирав затоа што тој Устав не обврзува на едни такви начела и од тој Устав се произлезени и другите законски акти кои ја регулираат материјата за локалните или парламентарните избори.

Исто така во тој Устав, а исто така е и општо познато дека неколку работи во државата се многу битни, многу национални, многу стратешки за кои навистина нема потреба да се натпреваруваме, нема потреба да ги нагризуваме и нема никаква потреба со нив кај граѓаните на РМ да правиме било каков маркетинг или било какво доближување до граѓаните се со цел да добиеме еден круг на локалните или на парламентарните избори.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ**: (Продолжение)

За жал, иако ваквите уставни одредби и другите законски одредби се многу јасни и многу точно прецизирани, во овие локални избори ни се случи обратното. И ако, да launch речеме територијалниот интегритет и суверенитет на Република Македонија е сосема јасен и од уставна позиција и од другите закони кои ја регулираат оваа материја, исто така многу се јасни граѓанските слободи и човекови права зацртани со тој Устав и со сите други декларации што ние како

Собрание од 1990 година сме ги прифатиле или сме ги потпишале како Собрание на РМ итн. Сето тоа е многу јасно. Ние во овие локални избори, сакале или не мораме да потврдиме дека излеговме од таквите работи. Иако станува збор за локални избори кои треба да ја третираат локалната самоуправа, запаметете добро, локална самоуправа. Тоа е самоуправување на граѓаните, на локалните власти за регулирање на материјалните средства, за подобрување на условите на живот, на инфраструктурите објекти во соодветната област. Ние во овие локални избори направивме нешто друго, поготово направи опозицијата во РМ.

Што се случуваше за време на локалните избори?

Иако, ние, со донесувањето на Законот за локална самоуправа, со законите за локалните избори, исто така и со другите законски и подзаконски акти за регулирање на оваа материја, ја регулиравме оваа област. Сепак, таа до крај не е допрецизирана или, да речам не согледана од соодветната практика што ќе се практикува во државата и да можеме попатно да ги менуваме тие нешта и да бидат во духот на таа локална самоуправа, таа локална самоуправа да има поголеми ингеренции, да има поголем степен на одлучување, на само одлучување, да има поголеми средства на располагање итн. Се тоа материи за кои, навистина, ние и како Собрание и како политички партии требаше да им го претставиме на граѓаните на РМ за да знаат зошто ние како политички партии треба да добиеме или да не добиеме на тие локални избори, или да направиме една поголема дестинација од централната власт за да нема толку големо влијание централната власт врз локалната самоуправа и за да може по автохтоно таа локална самоуправа да располага со сите тие добра, со сите тие средства и со дел од прибирање на одредени средства што се остваруваат на ниво на една општина. Значи тоа беа елементите за кои ние требаше да расправаме, како политички партии, на митинзите, на трибините што ги одржувавме, се со цел да им понудиме една нова визија и преку тоа да ги преточиме во Собранието на РМ како измена и дополнување на тие законски акти, за подобрување на ова материја. Но, за жал, јас барем како активен учесник во тие локални избори и во сите избори од 1990 година до денес, за жал, не слушнав ни една таква продлабочена анализа, посебно од страна на опозицијата која во почетокот и во конституирањето на власта, па да не речам, еве поминаа скоро две години во практицирањето на власта, немаше некои особени забелешки околу оваа проблематика. За жал, наеднаш искрсна еден нов проблем. Место да зборуваме за локалната самоуправа, место да ги насочиме граѓаните на локалната самоуправа и да ги едуцираме граѓаните, да сфатат што навистина всушност е таа локална самоуправа, ние се впуштивме во едни кампањи кои наликуваа малку на фашизоидни изјави, или фашизоидни кампањи каде што место локалната самоуправа, почнавме да ја третираме глобалната политика на државата и на политиката која треба да се случи во наредниот период. Така да ние место да ги релаксираме, место да ги ослободиме граѓаните, тие да размислуваат за локалната самоуправа, ние ги наведовме на една страшна опција која навистина, во текот на целата таа кампања влеа страв кај луѓето и луѓето почнаа, поготово луѓето кои се партиски определени, почнаа драстично да се поделуваа, да се геотизираат и да настануваат одредени состојби во државата кои и навистина со право доведоа до некои конфликти во локалните избори, кои нанесоа мала штета на демократските процеси во Република Македонија.

Иако навистина не сакам да предизвикам серија на расправа и на реплики или препирање во Парламентот околу оваа расправа, што јас сакам да ја водам денес, меѓутоа принуден сум и морам да укажам на некои суштински работи што ги водеше опозицијата, посебно лидерите на здружената опозиција, за што доведоа до најголем степен на вриење во гласачкото тело на Република Македонија и тоа генерира до одредени конфликти во државата. И сите тие настани што се случија се како реален продукт на таа кампања што ја водеше здружената опозиција.

Би сакал една мала анализа.

Иако ние веќе расправаме четврти или петти ден, се врти околу тоа, само пресликување или свое видување, кажување на одредени настани во Охрид, на друго место, трето место итн. Тоа е само изнесување на една приказна како секој поединец, поготово претставник во Парламентот овде го видел тој настан. Но, ние воопшто до сега, барам во оваа дебата, до овој ден кога јас зборувам, никој не кажа каде се причините. Јас токму за тоа сакам да зборувам, кој се причините што доведоа

до таквите конфликтни состојби на локалните избори, и веднаш сакам да подвлечам. Најголемата одговорност, дали сака некој да го прифати тоа како реалност или не е фактот што лидерите на носечките политички партии во РМ го сносат тој најголем товар, некој повеќе, некој помалку, а некој воопшто не го сносат. Но јас затоа сакам да укажам дека со кампањата што беше водена од страна на СДСМ и здружената опозиција, навистина на самиот почеток се нанесе огромна штета на демократските процеси на државата. Тука не се бираа средства, ниту политичка култура, ниту да се има било каков осет до каде е трпението и психолошката оптовареност на граѓаните на РМ. Веднаш се почна со една крајно агресивна кампања. Крајно агресивна затоа што веднаш на почетокот беа истакнати одредени размислувања дека Македонија е поделена, е разделена, дека оваа власт во РМ има контрола и доминација само до Групчин, а од натаму Групчин некој друг, дека територијалниот интегритет на РМ е изместен, Дека Некои други паравоени сили од Групчин натаму раководат со Република Македонија, а на другата страна раководат некои други сили, т.е. официјалната власт на државата.

Почитувани пратеници, со целата одговорност, навистина, политичките лидери, посебно здружената опозиција требаше да води сметка до каде е црвената линија на тој политички маркетинг, без разлика што станува збор за локални избори, а Не за Парламентарни. Дури и за Парламентарни избори тоа Не треба да Се случува ако Се чуваат државните и националните интереси на РМ. Ние тоа треба многу да го чувствуваме и да внимаваме, да не си играме со нервите на населението во РМ. Ние Немаме никакво, ниту морално, ниту Уставно, ниту политичко право на граѓаните кои живеат отаде Групчин да им кажеме, Вие Не сте под јуриздикција на оваа Влада или на оваа власт, или Не сте под јуриздикција на МВР, туку сте на Некоја паравоена милитантна организација од не знам каде, од Косово, или тука во Република Македонија создадена, од одредени политички партии. Тоа Се премногу опасни и фашизоидни изјави на кои сметам треба да им ставиме крај. Македонија е една, неделива, Уставот е јасно, границите Се јасни, ние имаме законодавна, извршна и судска власт, поделбата на власта е тука, ние веќе се асоцираме во Европа. Еве го носиме и Законот за одбрана на Република Македонија, се инкорпорираме во тие институции и нема потреба од 1990 година до Денес со истите изрази, со истите политички памфлети да го плашиме народот за сите избори, народе внимавајте нешто ќе ви се случи, Македонија повторно ќе биде поделена. Конечно Македонија стана суверена независна Република. Таа е евидентирана, е член на ОН, член на ОБСЕ, еве сега среќа да дочекаме, ќе го потпишеме и договорот за асоцијативно членство. Членови сме на многу меѓународни организации. Значи нема потреба од такви изјави ние постојано да го плашиме народот и да му кажуваме до каде е Македонија. Македонските граници се јасно утврдени, освен со делот на Југословенската граница каде што се уште се води спор и каде што треба да се вклучи и меѓународната заедница и каде што тој проблем треба да се решава. Но, мислам дека и тој е вештачки проблем иако се знае точно таа граница каде треба да биде повлечена. Значи неводењето сметка на политичките лидери, посебно од СДСМ за вакви едни изјави, навистина сносат најголема вина и тоа најголема морална осуда. Тие немаат право граѓаните да ги делат до Групчин - Албанци, од Групчин до Скопје Македонци, а од Шутка натаму Роми или во Крушево Власи. Ние сме граѓани на Република Македонија.

Господинот Црвенковски можеби е алергичен на моите изјави, но јас сум јасен, категоричен, и недвосмислен и стојам до овие изјави.

Јас сакам да ви потврдам уште еднаш дека од 1990 година аналитички ги следам сите негови изјави и изјавите што се случуваат во таа партија, посебно за Локалните избори 2000 година. Истите Методи на заплашување, истиот начин на владеење на конфликтна состојба и судир на два ентитети, помеѓу македонскиот и албанскиот. Јас Ве молам господа пратеници, посебно Вие што сте од албанскиот корпус, без разлика на која политичка партија припаѓате, не треба повеќе полтронски да наседнувате на ваквите изјави и на ваквите лажни маркетиншки потези на опозицијата. За жал, јас сум многу изненаден. Мислев дека во вас има голема политичност, посебно во Партијата ПДП, дека знаете умешно да ги амортизирате овие работи, но сепак мислам дека и во овие локални избори наседнавте на истите нешта. Повторно на истиот конфликт одат, на раздор помеѓу Албанци и Македонци. Ако

сакате јас тоа ќе го елаборирам од 1990 година. Само за илустрација:

Оваа власт постои скоро две години. Дозволете, кажете ми само еден монтиран процес, како што имаше во шестгодишното владеење на СДСМ во коалиција со ПДП, за настаните што се случија на Бит Пазар, во Тетово, во Гостивар, во Кичево, на други места да не спомнувам и на монтираните случаи во Куклиш, Радовиш, Хард Рок итн. Постојано се игра на истата карта и постојано се плашат македонските граѓани дека Македонија ќе биде поделена. Дајте еднаш престанете, дајте еднаш другарски, или џентлменски ако сакате, дајте еднаш да се договориме, пред сите избори во РМ да не ги користиме таквите лажни флоскули и еднаш да расчистиме со таа работа, точно да се насочиме на работите кои навистина ни се приоритетни во оваа држава. Ако се за локалната самоуправа да зборуваме стриктно што недостига во локалната самоуправа, што треба да поправиме во локалната самоуправа и што треба во таа законска регулатива да менуваме. Ако се многу општини во Република Македонија да ги смалиме, ако се многу трошоци да ги намалиме или ако се малку да ги зголемиме и таа автохтоност во локалната самоуправа да биде поголема. Меѓутоа, со едни вакви изјави апсолутно не се согласувам, без разлика што некој протестира од левата страна.

Исто така, бидете искрени и сосема отворени. Кажете ми што врска има Ванчо Михајлов со локалната самоуправа во Република Македонија. Станете и да ми објасните што врска има Ванчо Михајлов со локалната самоуправа во Република Македонија, а тоа го изнесоа здружената опозиција, го изнесуваше дел со пробугарските диктирања од страна на господинот Бранко Црвенковски и од друга страна со вечниот политичар од поранешниот СКМ - ПДП, Петар Гошев. Јас навистина не можам да го разберам тој човек. Ако тој има учено бугарско школо, јас сум во 1950 година роден и немам ни бугарско школо учено, ниту го знам доволно бугарскиот јазик, макар што потполно го разбирам затоа што разликите Се сосема мали, бидејќи коренот е во Македонскиот јазик. Јас не знам со што може мене да ме исповеди како член на една политичка партија ВМРО-ДПМНЕ дека јас имам било какви врски со Ванчо Михајлов или со не знам што. Тоа Се работи надвор од умот кои се споменуваа во овие локални избори. Навистина нема потреба од такви изјави. Нема потреба од водење на таква кампања. Ние на народот треба да му понудиме излезни решенија. Ние на луѓето треба да им кажеме што во Битола треба да направиме во локалната самоуправа итн. Нашите луѓе ги интересираат Секојдневните работи. Некои луѓе немаат леб да јадат, некои луѓе се на улица, под стечај. Ние треба за тие прашања да расправаме, да расправаме за нивниот сообраќај функционира како што треба, дали нивните деца од оддалечените места имаат превоз или немаат превоз, дали имаат, иако сме во 21-от век, доволно вода за пиење или таа што ја имаат дали е хигиенски чиста за пиење и дали воопшто тие луѓе можат да сметаат на локалната самоуправа како на еден дел кое е, да речам и од западните системи увидено како позитивна страна, иако ние ја имавме и во поранешниот, во социјалистичкиот самоуправен систем. Тоа коинцидира на некој начин, не во иста смисла или во исти размети, но сепак коинцидира и тоа треба до крај, како политички партии да го објасниме. Тука треба да ги добиваме поените. Инаку на овој начин, навистина нема смисла и навистина еднаш за секогаш треба да прекинеме со таа работа. Не би сакал многу да должам за оваа материја, меѓутоа, на крајот ќе дадам и еден конструктивен предлог за да има мир и во државата, за да има мир во овој дом што го нарекуваме Република Македонија, навистина сите политички лидери, пред да се случат избори треба да седнат на заедничка маса, да испијат по едно кафе или да испијат по еден сок, да се договорат внатре во своите политички партии внатре во своите политички партии кај тие активисти што ќе ги спроведуваат изборите, да им се каже дека во оваа држава има ред, има поредок, има лимит до каде можеме да одиме со тие изјави или со тие небулозни и еднаш да расчистиме. Меѓутоа, со ваквите прегради, почитувани пратеници, со ваквите ѕидини што се изградија помеѓу политичките лидери, посебно во најголемите политички партии во РМ, дозволете ми да Ве прашам, како можеме политички да одиме напред и да ја градиме демократијата, кога, даречеме, тројца, четворица лидери од најголемите политички партии воопшто не комуницираат Меѓу себе, или комуницираат на една реторика која не е својствена за еден политичар или за еден високо интелектуален субјект. Кажете ми како тоа да се прави, кажете ми ако јас спрема еден од вас направам вакви бариери и кога јас со вас ќе проговорам, ќе направам здраво или ќе седнам тука во клубот да се напиеме по едно кафе или да разговарам за сосема

други теми. Значи тоа е првиот чекор. Политичките лидери треба да бидат свесни каде ја водат државата Република Македонија. Од политичките лидери зависи целата иднина на оваа држава. Од политичките лидери зависат многу нешта во самата држава што ние допрва треба да ги градиме, да ги доизградуваме, а тие не се градат со суета, не се градат со омраза. Дозволете ми, тие се градат со малку љубов. Нас ни е потребна само малку љубов за да ги надминеме овие работи и ни треба само малку самопочитување или меѓусебно почитување, без никаква суета. Зошто да не можеме да се слушнеме, не можеме да се разбереме кога имаме толку приоритетни задачи во оваа држава. Затоа, од оваа говорница, молам, во иднина и уште утре и уште денес политичките лидери сериозно треба да седнат и да расправаат меѓу себе, што ни се случуваше, што ни се случи и за да не ни се случи, да се договараат за наредните парламентарни избори уште од денес. И ако треба да се договорат, спремни ќе бидеме сите законски проекти да ги ревидираме, да ги дополниме, измениме, се со цел да имаме една добра кампања и добро спроведени локални или парламентарни избори.

Второ, што сакам да предложам во овој дух на малку љубов, малку почитување, без суета. Сакам да укажам на тоа дека политичките лидери во РМ време е, заради тоа што другите не слушаат и има други попаметни луѓе во РМ што не се во овој дом, што не се во Владата и во другите структури кои се срамат од ваквата реторика.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ**: (Продолжение)

Не можеме ние да изјавиме, почитувани пратеници, ако јас како политички лидер сакам да зборувам со друг политички лидер, не можам да кажам дека го повикувам да ја предаде власта на сред плоштад. Власта не се предава на плоштад. Власта, се знае. Испија Бранко Црвенковски и Љубчо Георгиевски кафе, се ракуваат, се договорија, ја предадоа власта. Тоа е цивилизацискиот приод кон нештата, цивилизиран. Но не е цивилизирано да се каже Љубчо после ова ќе остане како Снежана со седумте џуџиња. На што личи тоа? Се рушат сите мостови на соработка, сите мостови на комуникација. Еве, да не биде само од едната, зборувам и за другата страна што погрешила. Не смееме да си дозволиме таков изговор, не смееме да си дозволиме таков збор бидејќи ги затвораме портите за кои сме блиску да ги оствариме нештата, за што оваа држава, Република Македонија, одамна сонува.

Тука е големината, моќта на луѓето, на политичарите, на државниците. Често пати сум зборувал на вакви теми со Тито Петковски, со Ханџиски, сум зборувал со полно пратеници и од ДА, со Карангелески на такви теми сум зборувал и со Нано Ружин сум зборувал. Дури имав и една замисла, некаде тие политички лидери да седнат на едно место, да бидат обезбедени како што треба да бидат обезбедени и да се договорат конечно еднаш во Република Македонија и да не ни прават трауми, на поситните, ние барем се сметаме поситни. Тие се лидери, тие се водачи со харизма итн. Меѓутоа, ние ќе прифатиме да се договорат за да си ги смалиме маките и да одиме на изборите многу со кревата глава, да не одиме погубно.

Искрено да ви кажам, кажав тука и Илоски се вклучи, кажа многу вистини, кажа многу невистини и се покажа како експерт овде, како вештак, кај паднал куршумот, како била скршена колата и што не, што не е овде за зборување на оваа говорница. Тоа е за нас, од тие вештачења, но не е битно. Кажано е.

Да ви кажам искрено, во Битола, во овие локални избори се чувствував не како позиција, туку како опозиција. Искрено велам, изгубивме во Битола, не во цел дел, но главно, во градот изгубивме. Јас се чувствував опозиција. Јас во Битола бев, ајде да не кажам што, оти ќе досади тоа, што ми било кажано или псуено или не знам што. Да го оставиме тоа. На самиот митинг на Бранко Црвенковски беше искршен, до гола кожа Штабот на ВМРО-ДПМНЕ во центарот. Тоа ниту едно гласило во Република Македонија не го кажа. Беа претепани неколку луѓе. Но, што од тоа. Која е користа? Која е поуката што сега треба да ја извлечеме?

Еве, го тргам на страна, не сакам апсолутно да зборувам за тие нешта што се случија. Значи поуката мора да се извлече. Политичките лидери мора да седнат и да преговараат, да се договараат.

Исто така, се надевам на една конструктивна добра расправа во самите пратенички групи и да можеме да излеземе со било какви, јас не знам како ќе ги наречеме, дали ќе бидат заклучоци или не знам што, меѓутоа да излеземе со нешто што ќе биде поволно за сите во државата. Затоа што сите ние овде од оваа говорница апсолутно не можеме да најдеме виновник. Кога судот не може на расправа со месеци, на одредени случаи не може да најде

виновник или ќе најде виновник, па тоа може да оди и понатаму до највисок степен, ние не треба да се заморуваме со таа работа.

Нашиот дел е политичкиот дел, политичката одговорност. Која е нашата политичка одговорност како политички пратиме. Всушност што направивме? Кој е пакост што го направивме и ние самите да се извлечеме од оваа кал или калта што тие ја збиберија во овие локални избори или водеа таква кампања каква не доликуваше на локални избори?

Тоа предлагам за да можеме поконструктивно да излеземе од оваа расправа и да не оставаме лузни помеѓу себе, биење пратеник со пратеник. Затоа што злото е заедничко за сите. Сите негативни последици се за сите. Никој нема да биде победник од оваа дебата, ниту пак од овие случаи што беа во Република Македонија.

Тоа е мојот конструктивен приод, мојата кратка дискусија околу оваа точка.

Ви благодарам и, до колку сметате дека нешто погрешив, ќе се вратам повторно ако некој бара појаснување за да ги објаснам сите овие мои констатации. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Ѓорѓи Котевски за учество во расправата.

За збор се јави г. пратеник Насер Зибери како реплика, а потоа господинот Харуни исто како реплика.

Господине Зибери, повелете.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Господине претседателе дами и господа пратеници, Со внимание го слушам секогаш г. Ѓорѓи Котевски. Но овој пат, морам да признам дека беше многу конфузен.

Прво, повикува на разбирање, на смирување на страстите, а самиот долева страсти во својата дискусија, за да на крајот се извлече со зборовите дека ни треба љубов. Господинот Котевски, со својот настап, всушност, го измести она што е суштински, она што е основа за расправа денеска. Не можеме ние, цело време денеска да се повикуваме на законитост, а самите на дело да покажуваме незаконито однесување.

Неговата дискусија, всушност, ме потсети на дискусиите од 1998 година па натаму на дел од пратениците на СДСМ. Значи, секогаш во државата е добро, се функционира се како што треба само кога ние сме на власт. Македонија е членка на оваа организација, на таа организација, ние сме добри и се по ред.

Бидејќи упати конкретни прашања до нас, само да му одговорам. За ова кратко време г. Котевски вашата Влада направи дупло повеќе такви инциденти од типот што ги набројавте. Ќе ве потсетам, за овој краток период се случи Блаце, се случи Арачиново, се случуваат убиства во избори итн. итн. А, дека се тоа монтирани покажуваат и денешните расправи во Судот каде е исклучена целата јавност па ни пратениците не можат да присуствуваат зашто ќе се откриваат вистинските причинители на убиствата и што се крие зад тоа. Но, тоа не е битно.

Нешто друго ми падна во очи, а тоа е постојано повикувате дека СДСМ се служи со тези што внесуваат раздор во меѓу етничките односи, тези за поделба на Македонија, тези за одбрана на Македонштината итн. Се согласувам со вас дека СДСМ се служеше и со такви елементи на претседателските избори, можеби помалку на овие локални. Меѓутоа заборавамe дека вие од 1990-1998 година, основна теза на вашиот политички маркетинг, политичка платформа беше токму тоа. Заборавате како станавте пратеник во вториот круг на парламентарните ми збори во 1999 година. Заборавате на митингот во Тетово, каде основно мото ви беше смрт на шиптарите" 'да ги протераме во Албанија" и слични тези. Заборавате дека 1994 година на парламентарните избори повторно и на претседателските, повторно мото на вашиот кандидат беше дека на орлите ќе им ги сечеме канџите итн. Заборавате дека ги поддржувавте студентите кога излегоа пред Собранието кога бараа да се забрани било каква настава на албански јазик. Вашиот претседател на партијата и потпретседателот беа чести гости на шаторите на вашиот, сегашен пратеник Филип Петровски, кој штрајкуваше со глад во име на зачувување на Македонштината и македонскиот јазик, а против албанскиот јазик и против присуството на Албанците во Република Македонија.

И, добро е што сега вака дискутирате, затоа што навистина и СДСМ и било која политичка партија на Македонците треба од својот политички жаргон да го исклучи она што е внесување на меѓу етничка омраза. Но, тоа треба да го правите не само кога сте на власт, туку и кога сте во опозиција. Значи, тоа важи и за левата и за десната страна.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам, навистина ги искористивме 5 минути.

Има право да одговори на репликата господинот Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Господине Зибери, јас немам експлозивно право на љубов. Секој човек, секое живо суштество има право на љубов и, според тоа, човек со човека расте и зрее и може да ги менува своите одредени политички и човечки ставови.

Според тоа, немам причина во полно работи да се вклучам во оваа реплика што ти ја даваш неосновано, но сепак сакам да укажам дека треба до крај да се држиме на нашето јас ш понудив од оваа говорница денес ако сакаме да добиеме квалитетна расправа и да ги подобриме нашите меѓусебни односи внатре во самиот Парламент и политичките партии на политичката сцена во Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави господинот Сејфедин Харуни во смисла на реплика.

Ќе ве молам, репликите се 5 минути и јас ќе ве прекинувам кога ќе поминат 5 минути, бидејќи го имам времето на екранот. Повелете господине Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Господине претседателе, почитуван и почитувани дами и господа пратеници,

Немав намера да излезам на говорница и да реплицирам со господинот Котевски, но сепак не можев да се согласам кога истиот овде на говорница наброи: Бит Пазар, Гостивар, Тетово, Кичево. Меѓутоа, на неговото броење воопшто не се спомнуваше Арачиново, најсвежо, воопшто не се спомнуваше Кондово, исто така многу свежо, не се спомнуваше Порој, не се спомнуваше Дебар и последниот настан во Охрид. Доколку сакаме да бидеме децидни и многу јасни пред јавноста и да бидеме до крај искрени, тогаш ќе треба сите овие случаи да се набројат. Немаме ниту денес кои беа извршители на тоа гнасно убиство во Арачиново. И ден денеска нив ги бараме. Таму лежат луѓе кои не се виновни за тој случај и тоа, монтиран процес, на прагот на 21-от век. Во Кондово после 30 и повеќе дена уште не се фатени сторителите. И, да не ги набројувам и другите.

Меѓутоа, од вашата дискусија едно можев да воочам. Кога почнувате да дискутирате, каде ви е поентата, палите и таму акцент давате на вашата поента. Од другата страна, за ваша конфузија во дискусијата, таму каде не ви одговара, се појавувате и што пожарникар. Ме интересира, кога ви треба палите таму каде ви одговара и воедно, гасите таму каде не ви одговара. Во една улога се појавувате како пироман, а од друга страна како пожарникар. Јас ве разбирам, затоа што не семе се наслушал нешто повеќе во тој домен, колку дометот на еден топ. И, не случајно го кажувам ова, затоа што сум се наслушал многу до сега и господ знае што ќе можам да се изнаслушам во наредно идно време.

Толку претседателе.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. Сејфедин Харуни за учество во репликата.

За реплика се јави г. пратеник Миланчо Черкезов.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници,

Ќе се потрудам да бидам краток во својата реплика.

Го слушав внимателно г. Котевски и се чудам, дали тој во последните неколку месеци беше во Македонија или некаде отсутен од оваа држава? Збиднувањата пред домовите на пратениците, линчот врз нашите семејства ниту со една реченица не го спомна тоа што се случи на првиот, вториот, третиот круг на локалните избори. Овде се чувствува дека на говорница имаме човек, демагог кој ни зборува за некое минато време, за кое ниту еден од нас не се сеќаваме што е тоа било време.

Господине Котевски, кога е суспендирана судската власт, Уставниот суд, Врховниот суд, извршната власт, институциите сите во државата, кога и денеска слушнавме еден портпарол на Владата кој си дава за право да го критикува Парламентот и ние зборуваме за демократија во Македонија? Ќе ве молам вакви-флоскови пред говорницата и пред целиот електорат на Македонија не водат на добро. Не слушнав ништо конструктивно во вашата дискусија.

Во име на пратеничката група на ВМРО-ВМРО енергично протестирам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Миланчо Черкезов за учество во расправата.

Господине Котевски имате право на реплика, повелете.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Само едно мало појаснување.

Искрено и, навистина, премногу ми е жал за тоа што се случи. Токму заради тоа што ми е жал не сакав да го спомнам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот пратеник Вангел Симев бара реплика.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Со жалење можам да констатирам дека за последните 10 години од осамостојувањето на Македонија и од влегувањето на голема врата на повеќе партискиот систем, немам слушнато покомунистички и поизлитен говор.

Како можеше Ѓорѓи Котевски да не забележи кога сите граѓани на Македонија забележаа еден препознатлив не народен метод на гласање, метод на еден само познат тоталитарен систем каде што имаше убиства, повреди, закани, омаловажување на граѓаните, граѓаните не можеа да бидат сигурни дали ќе се вратат во своите домови ако излезат на гласање. Како тоа, прашувам, не можеше да го забележи?

Што најтешко ми падна во неговиот говор, кога бара во една правна држава, јас се уште сметам дека е правна држава, иако сум убеден дека не постои да се договореле лидерите на кафе како ќе се одвиваат локалните избори. За мене, крајно неприфатливо. Кои се тие претседатели на партии да се договараат? Ова е правна држава. Има пишани норми, има закон во државата.

Оваа Влада ги спроведе изборите и должна беше, обврска нејзина беше да ги спроведе чесно и демократски. И, целата тежина паѓа на оваа Влада. Немој да барате причини во други партии од опозицијата. Тоа го знае целиот народ. Народот го искажа во првиот круг своето незадоволство, а во вториот круг не можеше да го искаже затоа што беа применети ненародни, силеџиски методи, каде што беше заплашуван и со сила, со пиштол вперен во слепоочниците или во уста, се преправаа и се полнеа кутиите.

Сметам дека ова сите граѓани го знаат, само поедини пратеници од ДПМНЕ не можат да го сфатат или не сакаат да го сфатат. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Вангел Симев.

За реплика повеќе немаме.

Процедурално за збор се јави г-динот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван Г-дине претседателе, почитувани дами и господа пратеници. Истото моето излагање беше претходната седница, за овие работи за кои дискутираме и сакам да кажам и јас исто сум оштетен во оваа работа. Но, мислам дека спрема народот во Република Македонија и тоа апелираа доста граѓани и имам препорака од граѓаните на градот Скопје кои ме среќаваат и постојано ми зборуваат и ова сакам да Ви го пренесам. Дека, нашава седница и нашиов Парламент се претвори , навистина, за ова треба да дискутираме , а и многу дискутиравме и не е лоша оваа идеја на г-динот Котевски што би требало секој од нас овдека,еве, јас како еден претставник од Сојузот на ромите дискутирав, од ВМРО би требало еден да дискутира, од СДСМ доста дискутираа. Јас пристапувам кон предлогот на Котевски за ова кој би требало да расправа во Парламентот, затоа што на граѓаните им станавме банални со овие работи,без разлика од која партија е пратеникот.

Во врска со тоа што имаше некое излагање од портпаролот на Владата на Република Македонија, можеби тој добро не се изјасни, тука имаше еден негов гаф околу Собранието. Инаку, тоа е точно дека ние на граѓаните сме им банални со овие седници и треба овде да донесеме некоја одлука. Ако продолжиме вака никогаш нема да има крај. Рековме дека ќе има една анкетна комисија која ќе се формира, да го направиме тоа да бидеме што пократки и да не бидеме банални на граѓаните и да продолжиме да работиме во Парламентот, затоа што ни остануваа други работи во овој Парламент, по други точки да решаваме, затоа што граѓаните од нас очекуваат и ние сме одбрани од нив. Би требало така да настапиме во Парламентот. Сега, еден на друг ако си даваме реплики и вака ако продолжиме, седницата не ќе може , како и оваа точка никогаш нема да заврши. Сега, мене некој да ме напаѓа, јас некого да напаѓам, трет да напаѓам, мислам дека не е во ред. Затоа, би требало некој начин да изнајдеме во овој Парламент во ова Собрание околу оваа точка и да не бидеме банални на граѓаните на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Амди Бајрам за дадениот предлог.

Дами и господа пратеници, јас ќе направам напор и ќе ги замолам координаторите на пратеничките групи , во паузата што ќе ја дадам во 14,00 часот до 15,00 часот, да ме почестат со нивното присуство на еден работен ручек, за да можеме да ја разгледаме оваа состојба и да разгледаме некои предлози дадени овде, поднесени , да ги оцениме и т . н.

Но, ќе ве молам, немам никакво право , особено после тоа што го изгласавме овде во Собранието за текот на водењето на расправата на ниту еден пратеник да му го оневозможам правото да дискутира. Затоа, како што со консензус се договоривме, предложивме , така ако денеска има консензус и по некои предлози , заради ефикасноста во работењето, ќе го изнесеме во 15,00 часот и пак ќе разговараме односно ќе гласаме и со гласање ќе мораме да се произнесеме. Дотогаш јас сум должен да го почитувам Деловникот и вашата волја, а тоа значи секој да може да си го каже своето мислење.

Во меѓувреме дојде г-динот Димитар Батковски и му давам збор да си го каже своето мислење по ова прашање.

Се извинувам, Г-дине Мирчевски дали имате нешто процедурално да кажете?

Повелете, процедурално г-динот Мирчевски Звонко,па исто процедурално бара и Јонуз Абдулаи.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Почитуван Г-дине претседателе, немав намера да му реплицирам на г-динот Амди Бајрам, но после Вашата дискусија, морав да се вклучам во однос на самиот тек како се одвива оваа седница.

Би сакал да кажам дека Вие сте сведок и целата македонска јавност е сведок дека имаше иницијатива за итна седница, за вонредна седница, па потоа да се стават овие точки на дневен ред овдека во Собранието да се расправа, но дека парламентарното мнозинство едноставно не сакаше да стане збор воопшто околу овие неколку информации. А, сега, во овие три, четири дена кога се почна расправа во однос на информациите на опозиционите партии, кои што со судни маки успеавме да ги ставиме тие информации на дневен ред, одеднаш гледаме огромна загриженост на партиите од владеачката структура и со нивното јавување овдека, некаде 40 или 50 пратеници едноставно се пролонгира седницата и се добива таков непосакан тек. Јас би Ве замолил како претседател на Собранието доколку е можно да се воздржат пратениците од владејачките партии, заради тоа што тие не беа оштетени во предизборието за време на овие локални избори и со настаните после локалните избори, нека овозможат ние како пратеници, подносители на информациите , по кои што треба да донесе заклучоци ова Собрание, да си го кажеме своето и на таков начин најдобро ќе се заврши седницата. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-дине Мирчевски,сите овие предлози ќе ги разгледаме во онаа средба што ќе ја имаме во 14,00 часот, а сега да одиме понатаму. Затоа што, сега не можеме да гласаме по секој предлог, ние донесовме како треба да се расправа и ако се договориме дека ќе биде претставник и на вашата, мислам шефот на вашата парламентарна група, па ќе поразговараме на таа средба.

Збор има г-динот Димитар Батковски.

**ДИМИТАР БАТКОВСКИ:**

Почитуван Г-дине претседателе, почитувани дами и господа пратеници.

Јас после сите овие долги дискусии, размислував да кажам нешто што не е кажано. Размислував да дадам одредени оценки за еден процес кој што е завршен, процес кој што сакале тоа или не е нашата стварност. Со оваа дискусија треба да ги сублимираме сите процеси, кои беа составен дел на овие локални избори.

Она што јас како пратеник не го прифаќам, ние овде да водиме жолчни расправи, фронтални напади, се со цел да се предизвика состојба дека кај нас владее една општа несигурност и без малку нашите граѓани се несигурни и не можат да излезат надвор од нивните домови. Сигурно, тоа не е така. Каде е грешката и неприфатливоста на еден ваков приод.

Уште пред да почне изборната кампања на овие локални избори, опозицијата коваше планови и ги нарекуваше под а, под б, под в, и т.н. а суштината на сите планови беше да се урне една легитимно избрана Влада, еден легитимно избран Парламент. Митинзите на опозицијата, сите знаеме, со каква еуфорија се изведуваа. Се одеше во сите градови, во сите населени места на државата и се подгреваа надежи , кои немаа ништо заедничко со демократските процеси во Македонија.

Кога станува збор за локалните избори во 2000 година, треба да се каже дека и во трите круга на гласање, имаше поединечни инциденти, закани, пукотници од огнено оружје, тешки повреди и

ранувања на неколку граѓани. Уште еднаш се потврди нашата политичка незрелост, изборите да ги сфатиме како еден фер натпревар меѓу политичките партии, во кои навистина ќе победи оној кандидат односно онаа политичка партија, за која во дадениот момент граѓаните сметаат дека може да ги исполни нивните надежи, нивните очекувања. А, дека изборите ќе поминат онака како што поминаа, можеше да се насети уште пред два месеци, со почетокот на изборната кампања.

Здружената опозиција или поточно СДСМ, бидејќи другите три партии, Социјалистичката партија, потоа ЛДП и на крајот Лигата за демократија, мора да се признае, сакале тоа или не се само обични превезоци во желбата што побрзо да се вратат на власт. Таа опозиција не избираше ниту начин, ниту средства да ја оствари поставената цел.

Како никогаш досега СДСМ тргна во една офанзива, вешто манипулирајќи го народот дека тоа не се локални избори, туку дека се работ за судбината на државата и дека се, освен нивната победа ќе ја однесе нашата држава, нашата Македонија во пропаст. Тие манипулирања, за жал во првиот круг им успееја. СДСМ и коалицијата што ја споменав се прогласи за апсолутен победник, без да ги почека резултатите од вториот ј круг. Се направија прослави, гозби, приемни и се ќе беше во ред нај добро и во најдобар ред , доколку не се случеше вториот изборен круг. Тука, се виде дека тие односно здружената опозиција направија сметка, без да дојде крчмарот. И, што стана? Во вториот круг на гласање, изборите ги загубија. Е, сега, им требаше оправдување пред членството, пред симпатизерите, пред граѓаните, па единствено нешто што го споменуваа на своите прес конференции, беше ракетарството, насилството, измамата што ја прави ВМРО-ДПМНЕ и ДПА. Ниту еднаш не најдоа за потребно да бидат само критични и да кажат дека грешки имало и на нивната страна. Ниту еднаш не претпоставија или не сакаа тоа да го видат дека тие "рекетари" од ВМРО-ДПМНЕ и од ДПА, можеби не се членови на двете партии и дека, всушност се работи за индивидуални идентитети, кои ние како партија и овој пат ги осудивме. Зошто? Ако веќе се толку чесни, не признаа дека во повеќе градови имало и рекетари и од СДСМ. Зашто, ако веќе насетувале дека може да дојде до инциденти во одредени изборни места, одеа таму и провоцираа.

Зарем не е симптоматично што однапред тие знаеја, што, како и каде ќе се случи. Од кои разузнавачки служби, што би рекол г-динот Амди Бајрам, ги добија тие сознанија.

Во краен случај добро е познато дека за караници се потребни двајца. Не може сета вина да се префрли врз противниците. СДСМ, заедно со Црвенковски и со неговите најблиски сопартијци целото внимание и по третиот круг од овие локални избори, го префрлаат на инцидентите, наместо да најдат или и да го признаат поразот. Бидејќи, владеачката коалиција доби двојно повеќе градоначалнички места од опозиционата коалиција. Тоа се сепак, резултати, кои со ништо не можат да се оспорат. Тоа се факти. Сето друго, па и дури и оваа дискусија што ја водиме овдека со денови, има за цел да се сврти вниманието на погрешна насока, дека во Македонија влијае општа несигурност, насилие и слично. Јас во оваа прилика морам да кажам дека на СДСМ и на неговиот лидер г-динот Црвенковски ова му е четврт пораз по ред и зарем тоа не е доволна опомена внатре во партијата, во СДСМ и во целата опозиција, да се водат дискусии во еден поинаков правец, се со цел за доброто на оваа наша држава. Згора на тоа од неговото континуирано посегнување, се мисли на СДСМ, по вонуставни и вонинституционални методи, јас повторно ќе го спомнам, уште еднаш ќе ги споменам плановите под А, под Б, В, итн., во крајна линија му носат лошо и на СДСМ и на цела Македонија. И во крајна линија и на парламентарната демократија во целина. Епилогот од инцидентот од прегласувањето на локалните избори во Охрид, повеќе или помалку и е познат н а пошироката јавност во Македонија. Во оваа расправа ние треба да извлечеме одредени заклучоци и да одговориме на прашањето, кои, зошто и против кого пука. Кој бил нарачателот?

И, конечно, која била целта за предизвикување на оваа хаотична состојба во Охридското крајбрежје. Јас ја слушав со внимание дискусијата на г-динот Илија Илоски, тој не е тука, морам да кажам дека тој изнесе во неговата долга дискусија многу "вистини" , да не речам погрубо , ете, ќе кажам, невистини и сега, видете, за мене што е симптоматично. Истиот овој пратеник, г-динот Илоски, истиот ден на 13, колку што се сеќавам така беше таа дискусија кога дискутираше дотичниот тој на телевизијата "Сител" ги повтори истите тие доследно "вистини", јас не сакам да кажам погрубо дека обилуваше таа дискусија и тој негов настап со многу лаги, ги повтори на телевизија "Сител" да ги види уште еднаш

да ги чуе македонската јавност. Значи, еднаш преку овој Парламент, преку оваа говорница, не беше тоа доволно кога овдека, ми се чини, таа дискусија беше некаде над еден и пол час, ако не и повеќе, тие беа малку, па потоа истата вечер на ТВ "Сител" да ги остави граѓа-ните на Македонија повторно без сон, да им ја всади онаа негова вистина , онаа вистина на СДСМ да биде вкоренета во сите избирачи, без малку и во сите граѓани односно преку сите гледачи на ТВ "Сител".

**ДИМИТАР БАТКОВСКИ**: (Продолжение)

Според мене тоа навистина не е во ред, затоа што соодветнава телевизија, ако беше малку доблесна и фер требаше да покани и некој од другите партии, не мораше од ВМРО-ДПМНЕ туку од другите позициони и опозициони партии, па и тие да продискутираат заеднички. Еден таков монолог според мене имаше и бумеранг пред гледачите и лошо зборува и за телевизијата и уредникот на таа програма. Се работи за емисијата "Профил".

Јас не сакам многу да дискутирам, навистина ова што го рече и претседателот, прашање е дали многу дискусии треба да се држат во оваа должина, со едно вакво темпо, со една ваква наостреност, затоа што ние почнуваме да се повторуваме, многу работи сега се кажани по неколку пати. Сега ако некој смета дека една вистина односно една лага ако неколку пати се повтори таа ќе биде поголема вистина односно помала лага за мене не е во ред.

На крајот би ја завршил оваа дискусија и би го цитирал насловот на дневниот весник Нова Македонија"од 16.10.2000 година, каде со големи букви на првата страница пишува: Кога Црвенковски губи издава наредби за предизвикување хаос, а во над насловот на истиот текст пишува: "Пеколните планови на лидерот на СДСМ".

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. Димитар Батковски за учество во расправата.

За реплика најпрво се јави г. пратеник Благој Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Господине претседател, почитувани колеги, во врска со дискусијата на колегата Батковски би сакал да укажам на неколку работи.

Прво, би сакал да го потсетам дека во секоја демократска држава правото на јавно изразување на незадоволството на граѓаните е гарантирано и со Уставот и со законите, посебно со Законот за јавни собири. Според тоа, ако меѓу граѓаните на една држава за толку кратко време како што се случи во Република Македонија, од прилика неполна година од доаѓањето на власт на новата коалиција за промени се натрупа толку незадоволство и ако почувствуваа потреба тоа незадоволство јавно да го манифестираат, никој нема право тоа незадоволство да го квалификува на начин на кој што беше квалификувано, или митинзите во кои тоа незадоволство беше манифестирано да се квалификуваат сосема поинаку од она што всушност беа.

Сакам да потсетам дека во една демократска држава, ако власта држи до тоа да ги потпомага демократските процеси, ако држи до тоа да создава услови за развој на демократијата, треба да биде среќна што и се случувале такви митинзи какви се држеа во изминатиот период, затоа што поминаа во беспрекорен ред, затоа што поминаа достоинствено, затоа што поминаа како што многу пати сме вообичувале да кажеме, без ниедно изгазено цвеќе на плоштадот "Македонија" во Скопје.

Она што најмногу загрижува тоа што денес се случува. Имено, тоа незадоволство не беше резултат само на тоа што Коалицијата за промени и ПДПА-НДП која учествува во Владата не ги исполнија предизборните ветувања. Пред се должи на тоа што многу институции во државата кои требаше да работат на реализацијата на стратешките програми на оваа држава и на тоа што беше во програмите на партиите кои дојдоа на власт, едноставно со отворањето на процесот на партизацијата, составувањето во служба на институциите на државата на партиите на власт со внатрешните опструкции, со иместувањето на нивните уставни функции ги онеспособија да ги обавуваат и основните обврски или да бидат сервис на граѓаните. Во една таква ситуација во која што се вршеше притисок и кон медиумите и во која се сакаше да се замолчи народот, ние дојдовме до денешната ситуација која е многу застрашувачка, која сите не загрижува, а најмногу треба да ги загрижи и партиите на власт и пратениците од партиите на власт и власта во целина. Многу е добро кога јавно се искажуваат и манифестираат незадоволствата на протести, собири итн.

Многу е добро кога се кажуваат вицеви за првите луѓе од партиите на власт, за првите луѓе од Владата, како што беше случај и со оваа Влада на почетокот. Денес веќе не можете да слушнете со денови или со месеци ниеден виц, денес народот е замолчен, ако кога молчи народот, секој треба да знае дека тоа не е добро и сто пати до сега во историјата е докажано дека нема да излезе на добро. Според тоа, не треба да се критикува правото на граѓаните своето незадоволство да го изразуваат на такви достоинствени митинзи кои поминуваа во беспрекорен ред и не е добро да се радуваме на тоа што народот полека полека се замолчува, ако народот молчи, повторувам, голема е опасноста дека тоа нема да излезе на добро.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. Благој Ханџиски.

Тоа е упатено до г. Батковски, повелете.

**ДИМИТАР БАТКОВСКИ:**

Му благодарам на г. Ханџиски, меѓутоа и во таква прилика сакам да го потсетам дека сите тие митинзи кои беа, како што вели тој, во најдобар ред, меѓутоа, јас уште еднаш би кажал дека таа еуфорија, беше манифестирана една невидена омраза кон власта, како да беше оваа власт една ненародна, не македонска власт. Би кажал ако тие митинзи беа навистина како што кажува г. Ханџиски немаше да дојде до овие дискусии, немаше да дојде до овие маратонски седници. Сите знаеме какви беа тие митинзи и сега ако г. Ханџиски кажува дека медиумите во Македонија, пишани и електронски, правеле пресии тоа навистина не е вред, бидејќи сите знаеме, без малку на сите им е познато каква е состојбата со медиумите.

Во оваа прилика пак би го спомнал и во дискусијата ќе го повторам - замислете, после првиот круг, таа огромна еуфорија како беше манифестирана. Се играше оро на самиот плоштад и тоа чело на тоа оро беше членот на СДС кој носи книшка 001 и замислете ја таа еуфорија, а се уште не се знаат резултатите. Јас зборувам за тоа, тоа мене не ми е јасно и не можам да го сфатам.

А за она уште еднаш би му порачал на г. Ханџиски што кажува за народот, јас не знам Ханџиски од која изборна единица е, меѓутоа, јас сум од мнозинската листа, ние сме претставници на народот, ние еве не молчиме, ние кажуваме. Јас не знам од кои сознанија, од каде ги добива тие сознанија дека нашиот народ во Македонија до тој степен е замолчам што веќе виновна е оваа власт и дека некои работи треба да се менуваат.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот Ханџиски, реплика.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Во интерес на ефикасноста на седницата треба да ја приведеме кон крај, со можноста сите кои чувствуваат потреба да се искажат за тоа што ни се случуваше и да ги лоцираме проблемите, причините за тоа, да дојдеме до соодветни заклучоци, да се донесе декларацијата и да создадеме услови тоа што ни се случуваше да не се повтори.

Во врска со последната реплика на колегата Батковски само сакам да му кажам и јас сум од пропорционалната листа, но воопшто не е битно кој на која листа е овде меѓу нас пратениците, за тоа дали достоинствено и во рамките на своите уставни функции го претставува своето гласачко тело и граѓаните на РМ во целина.

Во врска со митинзите сакам само да повторам дека сите митинзи беа токму такви какви што ги опишав и дека можеме да бидеме среќни што во нашата држава може да се организираат митинзи со 90 илјади, со 50 илјади, со 20 илјади со 10 илјади и да поминат во најдобар ред и навистина е добро што постојат политички субјекти што може на таков начин да го канализираат огромното незадоволство на граѓаните, тоа да биде манифестирано јавно во рамките на правата што граѓаните ги имаат гарантирани со Уставот, со законите, со Законот за јавните собири.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во однос на дискусијата на г. Батковски се јавија уште неколку пратеници.

Најнапред има збор г. пратеник Љубисав Иванов - Ѕинго.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО:**

Господине претседателе, вие секогаш сте се залагале во Парламентот да владее едно почитување меѓусебно, почитување и како пратеници и како луѓе и како партии, што мислам дека заликува на секој Парламент во светот и во Европа и така треба да биде и кај нас. А омаловажувањето на било која партија или

личност во Парламентот спаѓа во доменот на нефер и не плеј однесување.

Јас сакам да напоменам дека Социјалистичката партија на локалните избори 1996 година, каде настапуваше сама, освои трето место во Република Македонија, веднаш после двете поголеми партии СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ. Сега на овие избори Социјалистичката партија настапуваше како рамноправен член во една коалиција, каде што освоија повеќе од 40 места како градоначалници и многу поголем број на советници.

Според тоа, етикетирањето дека било која партија е приврзок на друга партија, го сметам како недобронамерна работа, а во исто време, имајќи предвид дека со Европа владеат социјалистичките партии или партиите кои носат други имиња, а со исти програми како социјалистичките партии, а ние се стремиме кон таа Европа, а тие веќе 10 години владеат, за разлика од една држава Австрија каде што владее националистичка партија, дека тоа е атак и спрема Европа и мислам дека ваквите етикетирања не ни се потребни во Парламентот. Пратеникот лично не го познавам, гледам дека има ораторски способности, меѓутоа, мислам дека треба во своите говори да го исфрли елементот на навредување и омаловажување. Вие знаете дека во Парламентот јас не сум навредил било кој колега, а ниту партија во тој поглед и затоа мислам дека секој треба соодветно да се однесува.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Љубисав Иванов, за учество во репликата.

Господинот Димитар Батковски има збор за да одговори на репликата, а потоа има и други кои сакаат да учествуваат во репликата.

**ДИМИТАР БАТКОВСКИ:**

Во оваа прилика на г. пратеник Љубисав Иванов еве и да му се извинам ако треба пред овој Парламент, ако се најде тој навистина навреден. Меѓутоа, кога го употребив зборот приврзок ги имав на ум учеството на Социјалистичката партија во распределбата на можните кандидати за градоначалници и можните кандидати за советници од составот на Социјалистичката партија во рамките на Здружената опозиција. Јас не сакам тука да кажувам некои проценти, меѓутоа, тие проценти беа толку мали што јас си дадов за право да кажам дека на овие локални избори - во мојата дискусија пример беа овие локални избори, јас не кажував за Социјалистичката партија во минатото, за социјалистичките партии низ Европа. Сето тоа е точно што го кажа г. Љубисав Иванов, меѓутоа, тој заклучок што го споменав и што г. Иванов е навреден се однесува токму на овие локални избори.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Одговор на репликата од г. Љубисав Иванов, повелете.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО:**

Го прифаќам извинувањето, со една напомена дека ние во коалицијата се договоривме сите градоначалници да бидат заеднички и сите советници да бидат заеднички.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Имаме редослед по кој сакаат да се вклучат во репликата, ќе ве почекам сите.

Вие сакате процедурално надвор од репликата, повелете г. Биљали процедурално.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Во рамките на тоа што начелно вака регулативно, не облигационо, се договоривме вчера во координацијата, имено, постигнавме една согласност да не се реплицира од оној што не се спомнува, таксативно со име одделен пратеник, но сето тоа не се почитува. Искрено молам ако е можно да не се нафаќаат луѓето за реплика туку да дискутираат тие што се пријавиле, освен ако се спомнуваат имиња, од причина што многу апстрактно е да се сфати дека некој тука ќе биде убеден со ставовите на една или друга група. Имено, не е природно да настојуваме да се убедуваме тука. Јавноста многу добро знае што се случува и секое настојување до крај да се убедуваме до крај се парализира. Јас мислам ако се признае, апсурдно е некои да очекуваат да се признае тоа што се случи на локалните избори, од причина што веројатно би требало и министри, заменици и помошници и некои функционери не само да се разрешуваат, туку и да завршат пред суд. Јас предлагам да одиме само со дискусии.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Се согласувам г. Биљали дека ќе добиеме доста во време ако одговараа само тие што се лично спомнати, но нашиот Деловник вели дека пратеникот може да се

јави до колку некои од програмските определби на неговата партија бидат опфатени во расправата. Тоа треба да преставува консензус меѓу нас овде дека само ако лично се спомне овде присутна личност да може да одговори. Верувајте ми дека ништо не правам надвор од Деловникот и сите си говорат - еве, г. Ханџиски говореше бидејќи беше спомнат СДСМ и одговори, а не беше тој лично спомнат. Не можам тука да сменам. Инаку, знам дека како ваш конструктивен предлог е вред, но мораме да одиме така како што ќе одиме.

Има збор г. Миланчо Черкезов.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, човек не може да остане рамнодушен на дискусијата на г. Батковски. Истиот доаѓа од Вевчани, каде сум бил во повеќе наврати и таму сум сретнал чесни и поштени луѓе со искрени намери и не знам како оваа негова дискусија неговите сограѓани ќе ја примат.

Господинот Батковски кажа дека насилниците се жртви, жртвите станале насилните. Конкретно кажа дека граѓаните се чувствуваат сигурни во своите домови. Да го запрашам г. Батковски, ние шестмина пратеници кои бевме нападнати од јуришници на ВМРО-ДПМНЕ еве два месеци се уште пред нашите домови има полицајци. Дали ние сме заштитени г. Батковски? Или наградата која ја добивте во Управен одбор од каде што ние бевме разрешени и неколкуте привилегии кои ги добивте и кои ќе бидат поместени во белата книга со црни страници за ВМРО-ДПМНЕ ќе бидете на едно завидно место.

**САВО КЛИМОВСКИ**:

Му благодарам на г. Миланчо Черкезов.

Господинот Батковски сака да одговори на репликата и мислам дека има право на тоа.

**ДИМИТАР БАТКОВСКИ:**

На почитуваниот колега Миланчо Черкезов сакам во кратки црти да му одговорам. Сепак, тој нема право да дава таква оценка на мојата дискусија и да вади некои работи од контекст кои јас не ги кажав во таа дискусија така како што мисли тој. Сега за моето Вевчани да суди тој и да дава оценка, а ми се чини дека тој нема ништо заедничко со Вевчани, не е во ред.

Што се однесува до нападот на пратениците на ВМРО-ВМРО во мојата дискусија не стана збор и во оваа прилика би кажал дека јас навистина тоа го осудувам, го осудува и оваа власт и тука нема пратеник во овој Парламент што не ја осудува таа постапка.

Во вториот дел од наговара реплика што го кажа, навистина не држи. Јас ако сум во Управниот одбор на Македонски шуми, тоа е јавно претпријатие, да ви кажам јас сум професор на Шумарски факултет, јас таму повеќе ) се чувствувам како стручњак, а помалку како пратеник и како претставник на овој Парламент.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-динот Черкезов повторно побара реплика.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Само една реченица, познато ни е дека во почетокот бевте во Управен одбор на македонски шуми. Мојата констатација беше наградата која ја добивте и во контекст на вашето излагање приложувам дека добивате уште еден управен одбор, а тоа е во јавното претпријатие за вработување СИЗ-от за вработување, а тоа припаѓаше на еден од пратениците кои беа порано во вашите редови, кои отстапија и како награда ви беше доделено на вас.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор г-динот Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, во духот на она што зборуваше Биљаљи, не само што го потврдувам, туку повикувам, она што се договоривме на пратеничките групи т.е. координаторите на пратеничките групи до крај да се придржуваме. Ние се договоривме дека вакви реплики од овој тип апсолутно ќе нема, бидејќи рационалноста на оваа седница и на претходните изгуби секаков смисол. И токму заради тоа јас имав нешто за да кажам во текот на оваа расправа, бидејќи така бевме договорени координаторите или заменици координаторите доколку нешто треба да реплицираат или да дополнат, да објаснат, можат да се јават на таков начин. Меѓутоа ве молам ние се договоривме на пратеничките групи и тој договор да не го прекршуваме. Во тој прилог го молам и пратеникот на СДСМ Никола Поповски да ја потврди таа работа и да може оваа седница да заземе еден правилен тек, бидејќи така се договоривме јас стојам на тие принципи и докрај да ја изведеме работата за да можеме да имаме крај. Инаку, вака повторно ќе немаме крај уште четири дена.

**САВО КЛИМОСКИ:**

Ова повеќе беше процедурално од страна на г-динот Горѓи Котевски.

Има збор г-динот Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, очигледно е дека некој сака овие седници што ги имаме досега и што треба да ги имаме се додека не се разреши, додека не завршат сите пратеници, некој сака да ги омаловажи, сака да изгубат од значење. Дека е значајно за сите политички партии кои седат во овој дом доволно зборува податокот дека сите се пријавени, досега се пријавени околу 45 пратеници. Значи темата е доста актуелна и значајна и граѓаните постојано ги следат нашите седници и добиваме безброј писма. И штета е што денеска не го донесов писмото, на следната седница ќе ви го донесам писмото и еден дел ќе ви извадам од граѓани кои се воодушевени од начинот на кои веќе ги решаваме и сакаме да ги разрешиме проблемите во државата.

Господинот Батковски сака да го разблажи гневот на нас пратениците шесте, каде што толпа од граѓани го истурија целиот гнев на нашиот свет дом и исто така каде што граѓаните беа убивани и напаѓани и заплашувани. Исто така Батковски во својот говор напомна дека опозицијата направи сметка без крчмар. Мојот одговор е следен, опозицијата точно направи сметка без крчмар, но мора да знае дека сметката ја платија граѓаните на Република Македонија и државата Република Македонија, а крчмар на оваа сметка беа рекетарите, на присутни платеници. Исто так точно е, тука прифаќам дека не се виновни само ВМРО-ДПМНЕ, дека е винов на е дел и СДСМ, или и позицијата. Прифаќам, за кавга се потребни двајца прифаќам и тоа дека СДСМ не е цвеќе за мирисање, прифаќам дека рекетарите тие ги промовираа, но тој степен го усовршија ракетарството ВМРО-ДПМНЕ, каде што веќе имаме и жртви, каде што имаме закани и полнење на кутии. И јас знам дека сега е во најголем процвета ракетарството и не верував дека во иднина ќе го достигне ова ниво како што го има сега. Јас верувам дека во иднина ќе спласне и после сето ова нешто ќе о преземе. Дискусијата што се води со денови и сакаат некои да ја свртат да дадат несигурност на граѓаните, тоа беа зборовите на колегата Батковски. Зарем колега Батковски не е доволно што беа напаѓани домовите, зарем не е доволно убиствата што се случија за време на изборите, зарем не е доволен големиот број на ранети, зарем не е доволен големиот број на претепани граѓани на Македонија, зарем не се доволни заканувањата и преместувањата на граѓаните од едни работни места на други работни места многу подалеку кои не одговараат на нивните квалитети и способности, зарем не е доволно што голем број на граѓани не излегоа да гласаат, да го искажат своето право и своето мислење. Бројките се кажуваат.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави г-динот пратеник Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дине претседателе, добра Ви е намерата на еден работен ручек да се до договорите, да се прецизираат договори за натамошниот тек. И рековме дека тоа ќе биде во 14,00 часот. Моја сугестија е, бидејќи овде има околу 40 пратеници, сега да прекинете, порано почнете го договарањето, не е лошо, ќе имате доволно време подобро да се договорите, ако може да ја доведеме во ред седницата. Тоа е мојата сугестија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали го прифаќате овој предлог да прекинеме и да дадеме еден час пауза за ручек. (Се прифаќа).

Предлагам еден час пауза и јас ги молам раководителите, односно шефовите на парламентарните групи да дојдат во Охридската сала.

(Предлагам; пауза од еден час).

(По паузата седницата продолжи во 15,40 часот).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Продолжуваме со работа, нема потреба да консултираме кворум, очигледен е кворумот. Ќе ве молам сакам најнапред пред да почнеме со редоследот да ве запознам, сакам најнапред да ве запознам што се договоривме со координаторите на пратеничките групи освен г-динот Насер Зибери кој што беше зафатен и не дојде на разговорот меѓутоа присуствуваше и шефот на најголемата опозициона пратеничка група г-динот Бранко Црвенковски. Се договоривме за следното.

Расправата ќе тече по оној ред по кој што се пријавени како тие, бидејќи ниту деловнички ниту пак јас имам право на било кого да му оневозможам да се јави за збор. Но, шефовите на пратеничките групи ме овластија репликите да ги прекинувам точно на 5 минути максимум и дадам право на реплика само на оној пратеник кој што ќе биде спомнат по име во расправата, а не

дали ќе се најде партијата итн., во самата расправа. Значи, ако е едно лице од нас биде спомнато во нечија расправа, во нечија дискусија има право на реплика. Други немаат право на реплика.

И трето, што е многу важно и кое што ќе придонесе во рационализацијата нашата работа тоа е по еден претставник од трите поднеси обид тели на информации до утре да направат да ги синтетизираат своите заклучоци и како единствени заклучоци да ни ги предложат во текот на утрешниот ден на Собранието. Потоа, откако ќе заврши расправата шефовите на пратеничките групи во рок од 15 минути ќе треба да си го кажат својот став во однос на предложените заклучоци, а ние заклучоците ќе ги усвојуваме еден по еден, се разбира по пат на гласање. Тоа е она што се постигна како консензус, од еве скоро двочасовниот разговор што го имавме со раководителите на пратеничките групи. Јас мислам дека тоа е прифатливо и за целото Собрание. Сите дадовме согласност и јас мислам ако во текот на утрешниот ден ги добиеме, во тој случај ќе можат и наредните дискутанти да се произнесат по тие заклучоци, но истовремено на крајот од расправата да си го кажат своето мислење во име на пратеничката група, шефовите на пратеничките групи. Еве тоа беше накусо договорот што го постигнавме и јас мислам дека тоа ќе води кон успешно завршување на оваа прва точка од дневниот ред. Се друго зависи од времетраењето на дискусиите на наредните дискутанти и дали тие ќе спомнуваат имиња, ќе се осврнуваат на нечии дискусии или пак ќе си го кажат само својот став и своето видување по повод настаните. Еве накусо тоа беше договорот.

Процедурално г-динот Горѓи Котевски би Сакал да каже нешто.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, во името на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ изјавувам дека за порационално водење на оваа седница и за сведуваше на поубав тек и релаксација воопшто во салата и оние што ја следат седницата дека пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и поединци од пратеничката група воопшто нема да одговараат или реплицираат на прашања и одговори на пратеничката група на ВМРО-ВМРО. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Тоа значи би можело сепак да води кон извесно рационализирање на времето за дискусија.

Поминуваме понатаму.

Збор има, процедурално г-динот Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Господине претседателе, јас се јавив процедурално пред да ја прекинете седницата, меѓутоа не ми дадовте збор. Јас мислам дека треба да внимавате во списокот на пртениците кои се пријавени за дискусија во тековна денешниот ден и во текот на вчерашниот ден. Пратеници кои биле на долниот дел на листата зборуваат или се на горниот дел. Се заменуваат едни со други. Јас мислам ако е така и јас ќе барам да се заменувам со некој друг. Јас мислам тоа не е пракса ако некој не сака да зборува, ако некој не сака да се вклучува во дискусијата тоа е негово право нека се откаже. Меѓутоа, пријавените, листата треба да се почитува. Јас еве гледам после мене пријавен јас ќе чекам уште два-три дена сигурно за дискусија а тој денеска зборуваа. И толку не задржува на оваа седница можеби еден час и половина со реплики итн. Затоа јас мислам дека треба тука да внимавате. Тој што ќе се откаже не може да се замени со друг ако има реден број подолу во листата. Затоа Ве молам треба да се почитува, барем редоследот на имињата, пријавените итн., сега да не ги селектираме пратениците, овие од позиција можат, овие од опозиција не можат, од мнозинство можат од малцинство не можат.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ние направивме навистина на почетокот еден преседан. Јас мислев дека ако е став на пратеничката група сметајќи дека од тие што се пријавени е потребно некој да говори денеска заради тоа што е спречен во текот на некои од народните денови да говори да може да се изврши замена. Еве сега и од СДСМ г-гицата Шеќеринска има некои обврски и се заменува со г-динот Иванов. Сепак, да дозволиме да кажат луѓето. Имаме само две замени, ништо повеќе. Пак велам во согласност со шефовите на пратеничките групи. Ако сметате дека треба да одам стриктно по листата, тогаш добро, но не правам никакви суштински промени, освен што велам по барање на шефовите на пратеничките групи некои пријавени овде на листата, не други, туку пријавени на листата ќе ги прочитам порано, а другите си го задржуваат местото подоцна да зборуваат. Имаме само две измени, немаме повеќе.

Има збор, госпоѓата Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници веќе петти ден дебатираме за оваа тема, депласирано е многу што да кажеме од причина што почнавме и да се повторуваме, а верувам дека и на граѓаните пред екраните во добар дел им е смачено од нашава расправа. Така што ќе се обидам да бидам сосема кратка и да ги излажам накратко своите видувања по повод трите информации и воопшто политичката оценка за локалните избори.

Мене ми е драго што во дискусијата на пратениците буквално сите и од позицијата и од опозицијата беше споменуван зборот насилство терор и осудата против истото како методи кои што беа присутни во овие локални избори 2000 година. Меѓутоа во исто време жалам што кога ќе се споменеше насилство од левата страна обично се мислеше на тие од десната, а кога ќе зборуваше некој од десната, мислеше на спротивната страна. Очигледно е дека не е така затоа што како што вели народот: ако за љубов, за омраза треба за двајца и за насилство треба двајца. Така што и во овој процес на насилство кое што го имаше во одредени изборни места и дури во одредени цели подрачја на територијата на Република Македонија, сепак, актерите не произлегуваа од една страна. Она што сакам исто така да го истакнам како факт, а кој што беше цело време потенцирам од страна на здружената опозиција. Точно е дека најголема одговорност за целокупната изборна процедура и за спроведување на сите избори не само на локалните, има актуелната власт. Ние од таа одговорност не можеме да избегаме, заради тоа што таа е составен дел на нашата работа. Меѓутоа, ние можеме да се окозиме буквално сите тие што учествуваа и во изборните места и во изборните одбори и во избирачките комисии ако некој сака да ги направи инцидентите притоа повторно не навлегувам дали се тоа претставници на позицијата и на опозицијата, тие никако не можат да се спречат. Според тоа, товарот на одговорноста и покрај тоа што е поголем за учесниците на власта, мора да го споделат и политичките партии и учесници на овие избори, а во овој случај исто така и здружената опозиција. Верувајте мене ќе ми беше многу подраго да немавме можност во овој момент, еве јас јавно да искажам длабоко сочувство за семејството на починатиот Фатмир Јакупи до семејството на г-динот Минов кој што имаше прострелна рана и за кој што еве читаме дека успешно заздравува, за сите оние инциденти, тепани или настрадани на било кое изборно место во Република Македонија, па ако сакате и за одредени цели градови кои што во овој момент се уште се бројот гласовите, еве тоа нека биде и Охрид и порано и сега здружената опозиција го немаше ниту Охрид, го немаше ниту Скопје, па колку што се сеќавам на поранешната позиција ништо не и фалеше. Тоа беа градови кои што; беа заземени од страна на други партии. Ми се чини овие избори навлезени во една тешка борба на живот и смрт, на борба да се биде, или да не се биде, комплетно ги изместија нештата во Република Македонија и еден обичен натпревар на партиите во кој што требаше да се изберат обични, секојдневни луѓе кои ќе комуницираат со своите соседи и ќе ги решаваат проблемите од комуналната инфраструктура, буквално некои изборни места се претворија во боишта. Така што за мене, ова го зборувам како личен став буквално би ги повикала дури и симпатизерите и нашите членови и оние кои што се симпатизери само на коалиција та за промени да не излезат на гласање се со цел ако можеше да се избегне инцидентот кој што настана во Охрид. Меѓутоа, јас ќе бидам исто така конкретна, ќе кажам она што веројатно Државната изборна комисија го констатира дека изборни недоследности освен појавата на итн. на крај по завршувањето на гласањето на маскирани луѓе во текот на целото гласање на избирачките места кои што овде се насочени немаше. Тепачките кои што се случија, се случија на места кои што се четиристотини до петстотини метри оддалечени од изборното место. Тоа значи дека станува збор за зовриени страсти на симпатизери на двете партии. Не е точно дека беа приведувани луѓе кои што носат спротивни партиски книшки, во овој случај симпатизери како што беше речено, или обезбедувачи, или не знам како да ги наречам, луѓето ги викаат рекетари само од страна на СДСМ заради тоа што беа приведени и луѓе кои што се симпатизери и на ВМРО-ДПМНЕ. За тоа можете да се уверите доколку ги проверите документите, односно сите оние кои што имаат прекршочни, некои од нив и добар дел на кривични пријави поднесени од страна на органот кој што е задолжен да ја води истрагата, тоа е Министерството за внатрешни работи. Јас искрено се надевам дека овој орган до крај ќе си ја заврши својата работа и дека сите оние кои што се одговорни за тие инциденти ќе се најдат пред лицето на правдата и за сторените инциденти ќе одговараат. Меѓутоа, она што

не можам да го сфатам, верувајте не можам, тоа е целата онаа зла крв која што се пушти кај млади луѓе, кај Голобради момчиња кои што сега се нарекуваат со популарно име рекетари.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА**: (Продолжение)

... и отворено, затоа што знам дека ова занимање го немаше во Република Македонија некаде до 1994 година, тоа се воведе тогаш кога се појавија снагатори, или познати меѓу народот тепачи, момчиња со златни ланци, со златни алки како што милува да го каже тоа господинот Црвенковски, мислам дека така ги нарече во едно интервју, кои што беа на власта, кои што имаа повеќе мускул отколку мозочна маса, меѓутоа очигледно и критериумот за таканаречените рекетари во овој момент се спушти на што туку полнолетни лица, на деца од 18 до20 години, речиси голобради момчиња, кои ако ги прашате што од Кочани бараа во Охрид ќе ви одговорат дека биле да ги обезбедуваат изборите за дневница од 500 денари и за платен бензин од 100 германски марки. Навистина бедно, не од аспект на плаќањето, туку од аспект на тоа што им правиме на луѓето можеби да заработат, можеби од некои заблуди заради тоа што во оваа држава, јас не велам дека тоа се однесува само за оние кои што биле таканаречени обезбедувачи од СДСМ, тоа го зборувам за сите. Што им правиме на млади момчиња во овој период да ги вооружуваме со палки, со пиштоли, со гасни бомби во држава во која што се знае кој го обезбедува јавниот ред и мир и во кое што се знае дека за тоа постојат платени луѓе односно постои платен орган, Владата или конкретно Министерството за внатрешни работи.

Се она што се прави поинаку е уривање на уставниот поредок односно правење на паралелни војски, паралелни полиции, се што е забрането со нашиот уставен поредок и што секоја една демократска држава не го дозволува. Затоа уште еднаш ќе го повторам апелот до органите на прогонот, ќе го повторам апелот до јавното обвинителство, за кое што веќе имаме информации најстрого да ги казни сите оние лица кои што се огрешени од законот и искрено се надевам дека ваквата појава повеќе во Македонија нема да се повтори.

Меѓутоа, јас во едно не можам да се согласам. Ако вакви испади имавме во сите оние места кои што беа на броени во информациите, сметам дека ќе бидеме до крај нефер ако не кажеме дека тоа не се однесува комплетно на територијата на Република Македонија од причина што мнозинството граѓани на оваа држава имаат можност својот глас да го искажат на мира, фер и достоинствен начин. Затоа јас многу жалам за изјавата на господинот Карангелески кој што рече дека апсолутно ние имавме нефер и недемократски избори. Тој тоа го истакна како партиски став, јас не знам дали е тоа партиски став или негов личен, не знам ни дали господинот Карангелески учествуваше во целокупната изборна кампања,впрочем немав можност да го видам на митингот на Здружената опозиција во Скопје кој што се одржа на плоштадот Македонија во Скопје, но можам да кажам едно.

На местата каде што учествував во изборната кампања со бројни трибини ако нешто можеше да се види на терен, тоа е вистинската кохезија која што владееше помеѓу претставниците на Коалицијата за промени односно заедничките кандидати на ВМРО-ДПМНЕ и ДА, така да сметам дека ќе бидеме многу некоректни ако кажеме дека изборите беа нефер и некоректни на цела територија на Република Македонија и дали тоа значи, еве конкретно господине Карангелески дека вие ќе му кажете на штотуку избраниот градоначалник, на пример во Демир Капија или Пробиштип дека изборите беа нефер и некоректни, граѓаните таму не знаеле за кого гласаат, учествувале во една нефер и некоректна постапка и дека тој треба да го врати мандатот. Јас сепак се надевам дека ова е малку можеби поемотивен настап предизвикан од инцидентите со кои што јас апсолутно се согласувам, се согласувам и со она што го рековте дека наша е најголема одговорноста и дека ние треба да се справиме, да ги казниме виновниците, меѓутоа никако не можам да се согласам дека изборите беа нефер, недемократски на целата територија на Република Македонија, имаше недоследности. Ние очигледно треба уште да учиме на полето на демократијата. Настаните кои што се случија фрлаат темни дамки на целокупната наша демократија, на целокупниот демократски процес во Република Македонија, имавме смртен случај, тој случај не можеме да го вратиме, тоа е многу жално за демократијата во Македонија, меѓутоа ние очигледно многу треба да направиме за да сите наши граѓани се почувствуваат подостоинствени на самиот чин на гласањето.

Тоа ќе го постигне не само ВМРО-ДПМНЕ или Коалицијата за промени, ќе го постигнеме тогаш кога сите оние кои што учествуваат во една изборна трка ќе бидат

одговорни за се она што се случува на избирачките места.

Очигледно за да добијат ваков тек настаните на локалните избори 200 0 година секогаш се поставува прашањето а кој тоа прв почна? Ракавицата беше фрлена од страна на лидерот на Здружената опозицијата на СДСМ Бранко Црвенковски кој што ги прогласи овие избори - избори да се биде или не, дали ќе продолжи понатаму Македонија да живее или не и воопшто дали ќе постои Македонија на географската карта.

Колку што гледам во поголемиот дел на Република Македонија, ако не и во цела Македонија изборите завршија, граѓаните на Република Македонија и понатаму се живи и здрави, жалиме за жртвата што ја имаше Македонија на овие избори, меѓутоа ништо друго не се случува.

Тука не можам да ја амнестирам одговорноста на нашиот лидер господинот Љубчо Георгиевски кој што во својство на претседател на партијата исто така го прифати предизвикот од страна на господинот Бранко Црвенковски и ја даде онаа, за мене, несреќна изјава во врска со 10%. Тоа може да биде расправа на лидерско ниво од причина што нас како партија не обвинуваат дека ние сме комплетно игнорирани во овие избори, нас не интересира што ќе се случи во Македонија и ќе ги дадеме изборите на СДСМ, односно дека се предаваме. Меѓутоа, релевантни органи во ова Собрание кои што ќе одлучат дали ќе има и предвремени избори или не, само пратениците во ова Собрание. Така да се друго останува во една вербална артикулација на партиските желби на лидерите кои што учествуваат во еден натпревар, за чиј што краен исход одлучуваат граѓаните.

Она што исто така не можам да се согласам, а за кое што оваа расправа очигледно ќе се покаже дека е сепак успешна е дека конечно добивме признание од страна на претставниците на СДСМ дека проучените планови А, Б, Ц и Д, не знам какви се, за кои што се потрошија тони, тони хартија од страна на новинарите сепак како такви не постоеле. Јас жалам што морам тоа да го потенцирам, затоа што беше речено од страна на госпоѓица Шеќеринска, тоа може да се погледа во стенографските белешки, бидејќи јас ги консултирав и овде беше речено дека на две страници биле изложени од страна на нашиот портпарол господинот Данило Глигоровски Јас ќе го замолам господинот Данило Глигоровски да не реплицира, еве тоа нека бидат наши планови, а не планови на СДСМ, меѓутоа кончено граѓаните на Република Македонија да го имаат својот мир и да не се плашат прашувајќи се дали е сега во реализација планот А, дали е во реализација планот Б, дали е во реализација планот Ц и што ќе се случи оваа, другата ноќ и дали ќе се сочува на мирен начин уставниот и политичкиот поредок во оваа држава. Сметам дека тоа е конкретна придобивка од оваа заедница на која што добивме јавно признание дека сепак плановите се политички блеф на господинот Црвенковски и господинот Бучковски.

Она што сакам исто така да го истакнам, за кое што верувајте многу ми е жал е дека во оваа држава сите ние како пратеници велиме дека нашиот партиски интерес никогаш не бил главен, а дека имаме државен интерес.

Државен интерес во овој момент, за сите пратеници кои што седиме овде, за сите граѓани на Република Македонија е Република Македонија да го потпише долго очекуваниот договор за асоцијација и стабилизација, дали тоа ќе биде на 24 ноември, јас очекувам тогаш да биде парафиран, или до крајот на годината, ќе биде потпишан тој договор од страна на господинот Тупурковски и тој ќе влезе како историска фигура во Република Македонија како човек кој што со својот потпис нас ќе не воведе во нешто што досега го немавме како можност во Европската Унија. Сигурно да не се залажуваме дека тоа ќе трае година, две или три, можеби тоа е процес кој ќе трае четири или осум години меѓутоа ние како Република Македонија нема да бидеме на маргините на нешто на кое што само ќе биде присутно во нашето очекување, а не и конкретно парафирано и потврдено на хартија. Ако СДСМ навистина имаше доблест да биде партија која што е сериозна, која што вели дека државниот интерес ќе го почитува максимално секогаш и дека ќе биде над се да почекаше да помине овој датум, кој што впрочем не го зацртавме ние, кој што зависи од Европската Унија, кој што е зацртан од некои други и ќе виеше што и како ќе се случува на овој план. Ќе и дадеше можност на оваа Влада регуларно да ги заврши ветените обврски кои што произлегуваат од нејзината работа со се друго што го подготвуваше како нејзин пат кој што се уште стои како таков, ќе го направеше после тој период. Немаше да ствара една ваква политичка тензија во Република Македонија. Јас се уште верувам дека СДСМ има здрави сили кои што можат тоа нешто кое што претставува главен и

приоритетен интерес на Република Македонија да го почека и да каже шансите на оваа Влада и на оваа држава во овој момент се приоритетни, а што и како ќе се случи после ќе видиме. Меѓутоа, јас жалам што во овој момент комплетно се изместија работите што имаме многу навивачки страни и со кои што, за жал, морам да го кажам тоа иако некој постојано си вели дека ние сме во некоја војна со новинарите, се изместија работите, има една тешка медиумска кампања која што верувам дека на секој од нас тешко му паѓа.

Ова особено го зборувам за претставниците на позицијата бидејќи неодамна прочитав една статија во неделникот "Форум" и морам да ви кажам дека многу ме израдува. Еве ја користам таа можност и јавно да му честитам на господинот кој што ја пишуваше оваа статија, кој што вели вака: "кај нас се изместија улогите во Република Македонија, особено улогите и на политичарите и на новинарите, меѓутоа еден добар дел на новинарите сакаат да бидат политичари, ама не сакаат да одат на избори". Тоа за жал е точно.

Притоа јас не сакам да ги вадам зборовите од контекст, бидејќи тие апсолутно не се добри за нас политичарите бидејќи потенцира дека немаме никаков однос спрема јавноста и ред други работи за кои јас комплетно се согласувам и не го сметам овој негов дел за приоритетен и клучен во овој дел, меѓутоа клучот за нашиот однос кон новинарите произлегува точно од изместените нешта во оваа држава. Добар дел на луѓе кои што не се за тоа платени се поставуваат во улога на политичари, се разбира се оградувам, не сите, има многу добри новинари, има новинари кои што тешко го заработуваат својот новинарски леб, меѓутоа за жал поголемиот дел од нив е таков.

Она што во овој момент исто така сакам да го кажам, а кое што никој не го спомена од нас пратениците, а сметам дека е приоритетно прашање.

За мене не е важно дали оваа Влада до крај ќе остане на својот мандат и дали ВМРО-ДПМНЕ, дали ДА, дали ДПА ќе бидат во коалиција понатаму или не. Слушаме, читаме, гледаме, имаме можност тоа да го слушнеме и од врвните претставници на здружената опозиција дека се подготвува ново парламентарно мнозинство. Доколку господинот Бранко Црвенковски тоа парламентарно мнозинство го обезбеди на нормален начин, преку системот, преку институциите што ги имаме во овој момент, кои што се на располагање на опозицијата, тоа е преку еден легален пат на интерпелација на Влада преку убедување на политички партии да преминат од една на друга страна, тогаш тоа е во ред, јас уште однапред му го честитам тоа. Меѓутоа она што мене како пратеник мене многу тешко ми паѓа е бројните трансфери кои што се најавуваат не само од мојата десна страна односно пратениците од позицијата, тоа се однесува и на бројни претставници и од опозицијата дали тие ќе преминат од левата страна, дали ќе преминат од десната страна. Тоа е максимална девалвација на функцијата политичар односно на функцијата пратеник. Испаѓа дека во оваа држава сите односно секое нешто може да се плати. Не навлегувам дали е тоа со пари, дали е тоа поткуп, дали е тоа не знам која форма, меѓутоа испаѓа дека се во оваа наша држава се плаќа. Ако еден поединец или цела политичка партија ја промени својата политичка определба и потоа јасно и гласно го каже од кои причини, како, тоа е демократски чин, тоа го оправдувам, во ред е нека го направи. Меѓутоа оваа психолошка војна што во овој момент се прави на пратениците од позицијата и на пратениците од опозицијата верувајте максимално не девалвира нас како луѓе затоа што не може пред секој од нас како пратеници да стои тикет на продажба, или пак да бидеме автомати кој повеќе ќе уфрли пари, материјални добра, или не знам што се не ќе може да се ветува, тогаш ќе има поголем проект, тогаш за него ќе се зборува, тој ќе биде подобар итн. итн. Затоа јас ве молам нека се направи парламентарното мнозинство на еден нормален културен демократски начин, онака како што се прави секаде во светот, меѓутоа дозволете како пратеници да не ја девалвираме политичарската функција, да не го девалвираме зборот пратеник затоа што ние сме избрани луѓе. Само 120 пратеници од цела Македонија можат да бидат луѓе кои што ќе бидат пратеници, достоинствени луѓе, луѓе кои што ќе знаат да зборуваат за другите, ќе знаат да зборуваат за себеси, да решат добар дел од проблемите на оваа држава, да го сочуваме нашиот дигнитет и дигнитетот на Собранието ако сакаме како држава да бидеме ценети од страна на сите други демократски држави.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на госпоѓата Ѓулистана Марковска за учество во расправата.

(Господинот Черкезов бара збор за реплика).

Господине Черкезов не бевте спомнат поединечно.

(Бевме спомнати како партија).

Не бевте спомнати и нема да дадам збор на наспомнат пратеник. Договорот беше само лично ако се споменат луѓето, а не партија. Немојте сега да го рушиме угледот. Не е спомната партијата и не сте спомнати како пратеник.

(И понатаму господинот Черкезов бара збор за реплика).

Ќе ве молам да не го рушиме правилото. Рековме само ако лично е споменат, партија итн. ќе има можност да реплицира кога ќе дојде претставникот на Партијата. Навистина не би требало господине Черкезов да ме сватите погрешно, затоа што навистина ќе направиме лош преседан и ќе ни тргне расправата во погрешна насока. Ве молам немојте така.

Има збор госпоѓицата Радмила Шеќеринска.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Благодарам претседателе. Бидејќи колешката спомена дека ги има стенографските белешки само ќе и препорачам, што се однесува до оние фамозни планови да препрочита и да чуе, да прочита она што го кажав за плановите и се понатаму, за првпат ние дознавме од устата на портпаролот на ВМРО-ДПМНЕ. На тоа стојат и за тоа може да се продуцираат и докази. За првпат беа споменати на прес конференција на Коалицијата за промени. Тие ги претставија на јавноста како божемни планови на СДСМ, тие ги образлагаа, со нив тие ја плашеа јавноста во Република Македонија околу можните значења на сите овие планови.

Меѓутоа морам да го кажам и следното.

Госпоѓа Марковска споменувате дека ние пратениците мораме да си го зачуваме нашиот статус, пратеничкиот дигнитет. Зборувате дека некој потпишал добил или понудил некој тикет за продажба, меѓутоа заборавате дека вие сте една од неколкуте пратеници во ова Собрание која што неколку пати ја сменила својата партиска припадност. Доколку зборувате за тикети би требало да ни објасните колку чинат трансферите, на што се базирале трансферите. Ве молам немојте само да им судите на другите. Пресудете и за себе и сметајте дека јавноста суди за сите од нас подеднакво. Заради тоа смета, бидејќи пратениците од ВМРО-Вистинска Македонска Реформска Опција навистина е некоректно со исти случаи, за исти случаи да судиме со различни принципи, а принципите никогаш да не ги употребуваме за себе.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Госпоѓата Ѓулистана Марковска, одговор на репликата.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Во ред, ние се договоривме дали ќе реплицираме или не, меѓутоа сакам само едно да кажам.

Мене ми е драго што конечно се призна дека во оваа држава не постоеле планови. Тоа ни е најголемата цел. Во оваа држава веќе не може никој да се плаши, а дали постоеле А, Б, В, Г, па тие планови јас не ги броев, јас ги пратев само изјавите на портпаролот на пратеничката група на СДСМ, господинот Бучковски.

Што се однесува до мене лично, многу ми е драго што ми го постави ова прашање од причини што јас имав можност и тоа јавно да го кажам, никогаш ниту сум се срамувала, ниту пак се срамувам и сега. Не сум ги сменила неколку пати боите што вие напоменавте. Јас во Собранието на Република Македонија 1990 година влегов како член на Сојузот на реформските сили на Југославија за Македонија која што беше предводена од страна на господинот Анте Марковиќ. Во овој момент кога партијата го промени своето име, кога зад партијата не стоеше еден таков авторитет во тоа време, барем за мене лично, можеби сум била во заблуда, господинот Анте Марковиќ и јас, што можеби многу не е својствено човек од позиција да премине во опозиција јас преминав во опозиција и тоа во својство на независен пратеник. Јас никогаш не станав член на ниту една друга партија. Станав член на ВМРО-ДПМНЕ од 1995 година. Тоа е период кој што после изборите 1994 година и тоа е период кога веќе заврши парламентарниот мандат. Според тоа не постоеле апсолутно никакви трансфери, не знам на какви трансфери вие мислите. Значи постоела изразито слободна политичка волја.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Реплика за Радмила Шеќеринска.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Јас не знам кој е стравот кој што овде сака да и се наметне на јавноста и во периодот на кампањата и еве на денешнава седница, во поглед на постоење на планови. Знаете, Република Македонија денес треба да има план за асоцирање со Европската Унија. И тој план не е страшен. Доколку некој има план за поднесување на интерпелација и тоа не е ништо страшно,

освен за оние кои што ќе бидат подложни на таа интерпелација. Доколку во оваа држава има план да поднесе интерпелација на еден министер или не знам колку министри, и тоа не е страшно. Доколку премиерот има план кој што го обелодени и го декларира да закаже предвремени избори или да предложи предвремени избори на 1 октомври и тоа е план и не е страшно. Јас не знам кој е тој обид да се поврзе постоењето на план со постоењето на план со нешто страшно Содржината вие им ја давате. Меѓутоа, точно е дека плановите кои што ги споменувате и на кој што неколку пати пратеници се повикуваат носеа во себе, оние кои што ги образлагаше господинот Глигоровски, носеа во себе навистина страшна содржина. Меѓутоа, таа содржина не доаѓаше од СДСМ туку од гласноговорниците на вашата партија односно коалиција. На крајот на краиштата јас не зборував за тоа каков бил вашиот трансфер од една во друга политичка партија, без разлика дали тој се случувал во тек на еден или во тек на два пратенички или надвор од пратенички мандат. Јас зборувам само за фактот дека вие тоа што го квалификувате за слободна политичка волја треба да се однесува и на некои други, па како што досега сте сметале дека била ваша слободна политичка волја да ја смените политичката партија, дозволете ја таа слобода и на другите, а немојте да ги доквалификувате или дисквалификувате онака како што тоа го направивте на говорницата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Реплика има госпоѓата Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Јас само едно ќе заклучам. Јас имав можности своите мислење и ставови да ги искажам во Колумна. Очигледно госпоѓицата Шеќеринска не чита, па нејзин проблем. Можеби мене не ме чита, тоа е нејзино право и тоа е во ред.

Меѓутоа, она што за мене, ќе повторам е најважно, важно е дека навистина не постојат планови, навистина не постојат планови и дека тие планови беа политички блеф. Тоа е најважно. Не е важно дали произлегуваат од наша страна, дали произлегуваат од нивна страна. Важно е дека граѓаните на РМ можат да бидат мирни.

Што се однесува во врска со трансферите, јас повторно рекол право е на секој поединец тоа да го направи и јавно да го каже. Меѓутоа недостоинствено е за функцијата пратеник, за нас во овој момент да се пишува, како и што се пишува можеби со право. Тоа се луѓе кои што секој може да ги купи, во зависност од тоа кој што се ќе понуди. Јас зборував генерално, не зборував ниту за пратеници на опозиција, ниту за пратеници на позиција, бидејќи тоа во овој момент се прави и за двете страни, и за мене лично тоа не е во ред. Само тоа го кажав а како таа сака да ги свати работите е нејзино.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Последен пат за реплика се јавува госпоѓицата Шеќеринска.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Госпоѓата Марковска констатира и потврдува нешто што јас не сум го кажала. Ни во еден момент јас не реков дека не постојат планови. Тие ние сме ги декларирале. Сме декларирале дека целата на СДСМ и планот што го правиме како да дојде РМ до предвремени избори. Сме го направиле тоа транспарентно сме објасниле зошто тоа треба да го направиме, на кој начин може да се дојде до парламентарно мнозинство, на кој начин може да се измени ситуацијата во Собранието, и на кој начин можеме да добиеме 61 глас за предвремени парламентарни избори. Планови постојат, само тие не се така страшни како што вие сакате да ја убедите јавноста. Тоа е проблемот. Меѓутоа, упорно ја изместувате темата која што сами ја почнавме на самиот почеток. Вие велите дека е во ред кога некој менува политички партии, дека е во ред и можно да ја сменува сопствената политичка волја. Меѓутоа вие треба да се сеќавате дека на една од комисиите во ова Собрание, некој од пратениците, не знам дали господинот Черкезов или не знам кој беа обвинети дека за пари го направиле тој трансфер. Тоа се случи од поединци членови на комисии кои што припаѓаат на вашата политичка партија. Од една страна ги квалификувате сите оние кои што заминуваат од Вашата партија, како личности подложни на трансфер и тоа од политички причини, а сите оние трансфери кои биле во вашата политичка партија тие се резултат на слободна политичка волја. Не сте вие тие кои можете да ја направите дистинкцијата. Секој има право и да ја смени политичката волја, секој има право да биде суден, можеби од јавноста за тоа, меѓутоа, не секако од некој колега, било јас, било вие, било некој друг.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам немојте да спомнувате личности. Господинот Черкезов е спомнат во реплика, па сака да реплицира.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници,

Бидејќи големиот дел од мојата дискусија упатен до госпоѓа Марковска претходниот дискутант го изнесе пред аудиториумот во салата и пред ТВ камерите, јас само би ја прашал госпоѓа Марковска, бидејќи јавно кажа дека последниот трансфер во македонскиот Парламент бил со поткуп, дали менувањето на четирите партиски дресови кои ги изврши таа во последните десет години исто беше со поткуп.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Повеќе не одговарам од принципиелни причини.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро. Како партија рековте не одговарате и нема повеќе да даваме збор.

Има збор господинот пратеник Крале Спанчевски.

**КРАЛЕ СПАНЧЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Дека Кочани беше најповеќе експлоатиран во овие бурни дискусии, во овие веќе пет одржани сесии, па јас како претставник од Кочани односно изборната единица број 5 сакам да кажам некои интересни моменти, кои верувам ќе ја интересира македонската јавност.

Не сум задоволен од досегашната работа на Собранието, освен овие последни моменти поради тоа што, прво изгубивме две седница во утврдување на дневен ред, со единствена цел значи некој едноставно ја опструира работата на Собранието, сакајќи да ги вметнат информациите кои сега веќе во петата сесија ги разгледуваме. Со тоа не се докажува ништо, односно не можам да се согласам со фактот дека ВМРО-ДПМНЕ сака да избега односно не сака да проговори за она што веќе се случило. Тогаш беше предложено дека не можеме да расправаме за информација која доаѓа од една пратеничка група, или од друга, а да немаме информација од институциите на власта, со точни информации и да проговориме и нормално да изнајдеме решение за се она што се случувало или она што треба да се случи. На крајот веќе дојдовме до закажување на нова итна седница, значи таа беше интервентна и навистина сите овие информации се загрижувачки и навистина треба да проговориме за нив. Но кога веќе беше закажана оваа итна седница што се случува: повторно нема кворум, повторно без кворум, не одржана седница, многу неодговорно.

Овде се спомнуваат многу работи, има многу жалења, се вели нема демократија, тоталитаризам, тоталитарна држава итн. Па чисто за пратениците ќе кажам, ако не ги знаат поимите да не ги употребуваат. Ако е Македонија тоталитарна држава во овој момент, па не знам кога она била подемократска, кога 80% од медиумите во Македонија ги контролира опозицијата.

Сега, сите искажуваат жалења, па еве и јас да кажам.

Навистина жалам за луѓето што загинаа, момчето во Кондово, Фатмир, и малолетниот Минов, можеби има два три месеца и повеќе од 18 години.

Господата од опозицијата на овие локални избори или за неправилностите што се случуваа на локалните избори реагираа само на оние избирачки места каде што и покрај силата, парите и заканувањата, сепак изгубија. Но, не можејќи да го преболат соочувањето со вистината дека ги губат изборите, се послужија со една измама кај народот односно овие избори ги прогласија за референдум за предвремени избори. И кога им падна во вода единствената цел,во вториот и третиот изборен круг им остануваше да предизвикуваат нереди и инциденти кои завршија со неславен трагичен епилог, но со единствена цел да можат што пожестоко да ја нападнат владеачката партија.

Се зборуваше за генезата на туристите кои сега шетаат по Македонија, па кога е веќе така, да почнеме, каде се раѓаше.

1994 година парламентарни избори Кочани. Завршија мирно. Во првиот круг победи Арсо Божиновски. Но тоа не му одговараше на СДСМ, поништени изборите во Кочани. Втор изборен круг, повторно победи Божиновски, повторно се поништија изборите. Но, веќе дојде еден миг кога на избирачкото место број 15, во изборната единица 32 направени кордони од директори,началници и овие туристите, членови на СДСМ, под присила, со закани дека сите ќе летаат од работа, на сите луѓе кои беа точно одредени кој треба да гласа, за кој треба да гласа и да се потврди сето тоа. Го добија 61-иот пратеник. Значи доба начин да се победува.

1996 година, телото на туристите се повеќе се зголемуваше во Кочани. Претепано е комплетното членство од Македонска Каменица која тогаш, во

локалните избори 1996 година дојдоа да бидат сведоци на она што се случува во Кочани, дека тие добија во првиот круг. Во Кочани имаше што да се види. Јас сум сведок на она што се случуваш во Кочани: скршени вратови произведени 120 палки, скршени камери, апа рати. Тоа се викаше демократија 1996 година.

Демократија беше кога јас не можев да се појавам на ниедна телевизија. Демократија беше кога Тодосија Паунов, кандидат од Либералната партија сакаше да ги даде гласовите на ВМРО-ДПМНЕ не му беше овозможено да се појави на ниту еден медиум. Сите директори на приватните радио станици беа затворени а единствената која беше во АТОМ Кочани, таму мораа да ја исклучат струјата, не само во АТОМ туку и во Фабриката Руен за да не може да стигне гласот од пратеникот Тодосие Паунов кој сакаше да ги даде гласовите на кандидатот од ВМРО-ДПМНЕ. Тоа се викаше демократија 1996 година.

Во истиот период на истите избори во Кочани беа испратени повеќе од 80, со панцири и до заби наоружани припадници на безбедноста. Зошто? Сигурно да го бранат бастионот од ВМРО-ДПМНЕ. Беа исценирани сцени од истите тие припадници со упади во избирачките места, со претепување на членовите на избирачките одбори. Значи во 1994 година имаше прегласување три пати во Кочани, да од тогаш наваму, Кочан проверете, до сега нема поништено ни едно избирачко место. Во Кочани е се подмачкано. Имаат таква структура, уствари не знам дали сте слушнале или не. Дали имаше во Кочани инциденти. Имаше инциденти но беа далеку од пред првиот круг, а имаше таму прв круг. Беше претепан од ВМРО еден граѓанин од Кочани, од член на СДСМ кој не е рекетар, а можеби се дружи со рекетари. Не знам по кој повод. Но можеби не е тоа толку битно.

Што се случи? Само за неколку минути елитните единици на СДСМ, некаде околу 80 до заби наоружани, со нивниот водач пратеникот од Кочани, дојдоа на лице место да водат војна со двајца, тројца гости од Скопје или не знам од каде а имале информации дека таму имало неколку автобуси со рекетари на СДСМ, десет дена пред изборите. Сега благодарение, Кочани е многу благодарно дека пратеникот од Кочани од СДСМ ако не бил таму ќе имало крвава војна, а тој преговарал со милицијата и ги убедил рекетарите да се тргнат.

Само да ве информирам, оние кои биле во Охрид, носители се пет, шест души, секој има група од по 10 луѓе кои ги обучуваа. Верувам, секој млад човек, сака да покаже малку мускули да го направи своето тело за пред девојките, но штета е да се злоупотребуваат овие златни момчиња да ги бранат изборите во Охрид. Јас моето жалење ќе го искажам баш во тој правец. Треба да жалиме затоа што не гледам овде расположение дека сакаме да промениме нешто. Зборуваме,и опозицијата, или тоа е само декларативно дека сме за асоцијации во сите европски и светски здруженија, но никако не гледам такво расположение. Со ова што ни се случува ние навистина го баталиме името на нашата држава, а потоа ќе бараме некакви амнестирања. Не може. Ова што се случи сега, а за да се случи нешто на сите избори, рековме ќе треба да има две страни.

1998 година, Кочани. Исто така мирно добиено во првиот круг член на СДСМ, нема проблем.

2000 година,исто никакви проблеми нема, СДСМ победува во првиот круг.

Добро е да се слушне од пратеници од СДСМ кои на некој начин забележале дека во Македонија едноставно луѓето се малтретирани, омаловажени, во извршувањето на нивната единствена должност, непречено да можат јавно да излезат и да си го дадат својот глас за кого сакаат. Но тоа некако ми изгледа како ехо, на некои зборови што беа изнесени 1994 и 1996 година од припадниците на ВМРО-ДПМНЕ дека нешто се случува, дека нешто не е во ред во Македонија, поготово во Кочани, јас зборувам, не сакам да зборувам за градови каде не сум бил присутен или немам информација, единствено од оние кои дискутираат.

Во Кочани навидум се беше мирно, изборите завршија во најдобар ред. Но сега ќе ви кажам:

Точно по список, во комбиња, автобуси, коли, не оставајќи на случајност, сите вработени во шивачките задруги чии власници се членови на СДСМ и нивните поблиски фамилии, под притисок се водени до избирачките места да гласаат. Околу 11,30 часот, односно 12,00 часот во Кочани се знаеше резултатот. СДСМ ја заврши својата цел, луѓето беа како стока однесени до избирачките места под присила, гласале и докажале дека гласале, кој за 50 марки, кој за да го зачува работното место на својата сопруга или на својата ќерка. Тоа е вистината од Кочани, тоа е демократијата која и ден денес, ВМРО е на власт а други ги добиваат изборите. Тоа чисто како паралела. Можеби на други места се случуваат други работи.

**КРАЛЕ СПАНЧЕВСКИ**: (Продолжение)

Што е пожелно во 1993 година во Кочани излегле 67, 1994 78, 5, 1996 г. 83, сега се прашувам дали се тука излезени гласачите или има 2.000 гласови што беа уфрлени за да победат. 1998 година повторно паѓаме на 65, 1999 година на 62, 2000-та година на 54 а 2002 Кочани ќе нема избори. А зошто? Луѓето нема да излезат поради тоа што нивниот глас не се слуша. Тоа е гласот на присилата што го вршат елитните единици на СДСМ, таканаречени туристи. Барем во Кочани.

Сега се прашувам, во Кочани немало војна, дали ние сега треба на овие 80 млади луѓе што ги обучуваат челниците на рекетарската група, кои покрај работењето во билдерските клубови ги носат на некои борачки вештини, учење пукање со пиштоли, пушки, самострели ладно оружје, на сите можни начини, значи едноставно во Кочани се прави паравоена единица. Не знам дали знаете. Ако тоа продолжи во сите градови во Македонија, какви ќе бидат изборите 2002? Верувам тоа ќе сака македонската јавност да го слушне. Ако ние парираме на овие рекетари, па сега ние формираме 100 или 150 рекетари или паравоена единица, не знам каков "ќе биде епилогот 2002 година.

Јас сум загрижен, се жалам самиот себеси и сите, целата македонска јавност ако продолжиме вака. Верувам на првата сесија беа пријавени 42 говорници, сега во овој момент има уште 42, тешко е да се каже нешто што не е кажано. Но, битно е како ќе заврши ова, што ќе донесеме, кои заклучоци, меѓутоа да не останат на хартија, туку да се спроведат во дело.

Единствена желба ми е, имав можност да бидам на претседателските избори во Словенија и во некои други земји сум бил на изборите, таму немаше ниту плакати, ниту трибини ние што ги правиме, мошне нецивилизирано. Моја желба, како член на ВМРО-ДПМНЕ и како пратеник е нашите избори 2002 година да бидат најдемократски.

Европската унија од Македонија побара спроведување најфер и најдемократски избори. Но, сега, на еден или друг начин ние ова барање не го удостоивме.

Кои се виновниците? Тоа е целта и епилогот на ова и пораките што треба да ги упатиме и задачите што треба да ги извршиме наредните избори да поминат што е можно подемократски и пофер.

Да се промени политичка партија, според мене, граничи или уште повеќе како да ја промениш верата. Има многу начини, ако си веќе незадоволен од својата партија има начини да го изразиш својот револт. А, господата кои веќе одлучиле да ја сменат партијата немам намера да им кажам дали да ја сменат или не, тоа е нивно демократско право. Но, ќе кажам едно, верувам дека се тие чесни, па како такви, кога веќе ја промениле партијата формирајќи друга партија и 180% го смениле политичкото убедување, веќе ги излагале луѓето кои гласале за нив, а верувам дека се тие чесни. Од тој факт, кога се чесни, чесно нека излезат, како што излегоа од партијата ВМРО-ДПМНЕ, нека си дадат оставки на своите пратенички места, функции, ќе објавиме, сами да побараат избори, вонредни на тие избирачки места, па ако народот ги избере исто како чесни граѓани, ќе ми биде чест во иднина да соработувам со нив.

Сега, за некои, од опозицијата, рековме имиња нема да спомнуваме, јас ќе им препорачам на тие двајца дискутанти кои говореа токму околу ориентацијата или ја префрлаат на друг, над истите двајца господа ќе им препорачам нека формираат партија СДСМ-СДСМ, нека се променат за 180 степени во своите убедувања, верувам кога ќе се вратат на своите избирачки места ќе бидат пречекани со музика и цвеќиња. Ова што се случи мислам дека пред малку некој го спомна, мислам дека народот треба да даде оценка, да каже осуда.

Па, народот ја даде оценката. Но сепак, јас до народот.

Оставете ги фамилиите, ќе ве молам, на пратениците од ВМРО-ВМРО. Верувам дека тие се најмалку виновни за тоа, нивните деца, нивните жени. Тие, со ништо не заслужиле да не можат најнормално да го живеат својот живот. А за актерите на сето тоа што се случи јас ќе кажам, народот нека го оцени и нека го казни тоа што го сториле.

(Пратеникот Черкезов бара право на реплика).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ве молам, нема реплики, не е спомнат никој. Како партија ќе може да кажете.

(Реплика бара и господинот Тодоров).

Немојте Ѓорѓи Тодоров не сте спомнати.

(Бара право на реплика со зборовите дека рекле - смрт за пратениците од ВМРО-ВМРО).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ве молам.

(Пратеникот Черкезов бара да зборува).

Ќе ве молам, како партија зборуваше и за СДСМ.

(Пратеникот Ѓорѓи Тодоров се упатува кон говорницата).

Немојте сега поединечно.

Ќе ве молам Ѓорѓи Тодоров седете немате збор.

Немојте така. Ќе добиете збор па и вие ќе им одговорите. Имате ред кога ќе говорите.

Ве молам Тодоров немојте сега, не бевте спомнати.

Збор има госпоѓицата пратеник Валентина Божиновска.

**ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА:**

Почитуван претседателе, уважени колеги пратеници. Имам чувство дека оваа расправа што продолжува веќе неколку дена дека има степен на кулминација сега, ми се чини овие два дена. Но, едноставно причината е, сепак, многу поголема, многу појасна. Жал ми е ако го изнемоштивме македонскиот гледач пред малите екрани или едноставно ние тука, ако во Парламентот не се добие таа мисла што требаше да ја добиеме, политичка мисла, политичка нова интонација, политичка нова фраза, взаемна, на сите наши парламентарци тука. Мисла што, навистина, мислам дека во политичкото милје во Македонија, во мигов ќе е крајно неопходна, ќе биде крајно стратешка и многу важна во овие мигови. Едноставно мислам дека ова време е клучно време по локалните избори за некакво, би рекла, не пребројување на самите нас. Туку едноставно би рекла дека би било важно да биде лична сопствена, индивидуална, па ако сакате и персонална закана до секого од нас, да се запрашаме што е тоа што ни се случи, секој поединечно, кој директно или индиректно учествуваше во локалните избори. Секој од нас да се прозиве самиот себе си, да види каде е тоа што погрешивме како политички субјекти, дали воопшто Ѕе имаме напредок за политичката демократија во Македонија бидејќи навистина мислам дека на Македонија, едноставно како држава и се нанесоа удари од причина што мислам дека секој од нас во одредени мигови подзаборава дека Македонија е над категорија, дека со Македонија не може да се манипулира како интерес личен, општ, колективен, персонален итн.

Затоа пред се повикувајќи се себеси, повикувајќи ги сите пратеници, повикувајќи ги лидерите на политичките субјекти дека навистина треба да дадеме едно рамновесие и една политичка доблест во Македонија.

Но, да се навратиме на тоа што беше почеток на локалните избори, да се навратиме, сепак, на причините зошто сме денеска тука, на сите оние информации што ги добивме, забелешки како пратеници кои учествуваме на локалните избори.

Мојот говор би го започнала со една, навистина, интересната што беше некаде по објавувањето на локалните избори. Едноставно тие се обелоденија дека ќе се случат многу скоро и дека политичките субјекти треба да се подготвуваат за локалните избори. Меѓутоа, јас не можам да се сетам точно кој не бил, која телевизија, од лидерот на СДС имаше една реченица што, веројатно, можеби македонската јавност не ја дослуша, не ја разбра, сфати. Но, подоцна, со сите изјави на нивните прес-конференции, едноставно, ми се чини дека таа изјава се демаскира, дека таа изјава се разоткри и дека таа изјава наеднаш стана вистина за политиката во Република Македонија.

Изјавата на претседателот на СДСМ беше дека ако се движат изборите во некаков лош правец, дека тие ќе се однесуваат надвор од системот. Но, да кажеме дека тоа беше некаква излетана реченица, би рекла, на претседателот на СДСМ. Реченица, што, можеби немаше ехо во тој момент, но затоа следуваше 28.08., односно 28 август и митингот на Коалицијата "Заедно" во Охрид.

Почитувани колеги пратеници, таму, всушност, започна се она што значеше проекција за локалните избори. Оттаму, од четири до пет реченици што беа изговорени на митингот во Охрид, едноставно морам да признам дека знаев каков ќе биде крајот на локалните избори. Речениците што беа изговорени на митингот во Охрид беа следни дека локалните избори не се ниту обични, не се ниту нормални и дека нема во Македонија да постојат нормални локални избори, бидејќи во Македонија постои ненормална власт кога во оваа држава има ненормална состојба. Тоа беа четирите реченици што јас морам да ви признам, ги доживеав многу жестоко до причина што прозвучеа, не би рекла, простете, тоа е многу жесток збор фашизоидно, но едноставно ја проектираа состојбата, ја издраматизираа состојбата на политичката сцена во Македонија и тоа беше почеток на

подгревање на сето она што понатаму ни се случуваше на локалните избори.

Ако еден поранешен премиер, кој беше на чело на државата 7 години, ако истиот тој премиер се потпишуваше зад оваа Влада, односно за тогашната влада, за сите работи што е случуваат за тогашната влада, особено ако во периодот и на политичката сцена во Македонија немавме такви не знам какви драматични и лоши ситуации, а воедно даде еден ненормален легитимитет на оваа држава, всушност тоа значи дека во тој миг во Македонија ништо не функционирало како што треба. Значи, не функционирале институциите, не функционирала Владата и воедно, не функционирало Собранието на Република Македонија.

Ве прашувам, за еден такво лидер на една таква голема политичка партија која, особено и е важно на таа политичка партија да се прозиве себеси како партија со, сепак, едно ниво што го имаше се до моментот додека портпарол на таа партија беше господинот Никола Поповски и госпоѓицата Радмила Шеќеринска. Јас морам да ви признам дека нивото додека тие беа портпароли беше ниво, сепак, на една ситуација во која луѓето ги кажуваа забелешките на политичката сцена во Македонија. Од друга страна, ние, во нашата партија, ВМРО-ДПМНЕ за портпарол го имавме господинот Љубен Пауновски. И тогаш имавме, 1998 година имавме ситуации за кои можевме да полемизираме, можевме да разговараме, во кои се случуваа, исто така, некои немили настани. Но, никогаш, но никогаш, ниту едната страна, ниту таа на ВМРО-ДПМНЕ ниту страната на СДСМ не ја подгреваше до толку атмосферата. Што значи дека партијата ВМРО-ДПМНЕ имала во својата платформа, во својата идејна концепција дека морала да се надградува. И со своите личности што таа ги внесувала во својата партија и со начинот на комуникација во политичкото милје.

Значи, судбоносните мигови, за жал, за демократијата во Македонија ги рефлектирам точно од митингот во Охрид и со сменувањето, простете не сменување, туку на избраниот претседател на вашиот републички изборен штаб, господинот Бучковски, со неговиот избор, кој, мислам дека ја водеа кампањата единствена и само единствено со господинот Црвенковски.

Зошто го велам ова?  Во периодот на кампањата, после оние изјави дека имаме ненормална власт, особено од човек кој бил премиер, тоа значи дека, ако некој човек изговори таква работа и ако некој тој човек бил истиот врвен функционер во нашата држава, се прашувам дали всушност неговата психичка состојба е проблем за што треба да се дискутира? А се потпишува дека во мигот има, дури велам, и да имало проблеми можат и најлошите и најгрдите работи да се изговорат со одбрани зборови. Што значи дека подгревањето на целата ситуацијата имплицира на две личности од СДСМ господинот Црвенковски и господинот Владо Бучковски кој само ја прифаќаше топката, ги прифаќаше тезите што беа изговарани на митинзите од СДС и, можам да кажам многу агресивно, многу вулгарно, со многу атак, со многу насилие на малите екрани, просто плашејќи се секогаш кога ќе го вклучам телевизорот во каква психолошка состојба ќе го видам господинот Бучковски, дали во лик на мистер Џек, дали во лик на мистер Хајден. Однос но дали идниот ден ќе доживеам некаде да се степаат некои луѓе кои ќе бидат од ВМРО-ДПМНЕ или од СДСМ, дали ќе се случи некое убиство или не знам што.

Едноставно ситуацијата во Македонија беше толку силна, толку жестока и ме потсеќаше на цели сцени од познати драми, позната литература во кои насоката да се случи нешто, едноставно во Македонија се приближи мигот дека мораше нешто да се случи. Нешто да се случи. Мораше нешто да пукне. Тоа е како во едно семејство во кое има две подгреани страни кои не се толерираат меѓусебно, но затоа ќе се појави трета страна и ќе налее бензин на зејтинот и ќе се случи тоа што ќе се случи.

Меѓутоа, можам да признам и два аргументи што ми се допаднаа за време на водењето на СДС на нивната кампања, а тоа беше следниот аргумент. Во целата кампања на СДС настапите беа единствени на лидерот на таа партија и на господинот Бучковски. Но, ми се допаднаа двата настапи на господинот Тито Петковски кој настапи, мислам, простете ако е тоа моја грешка, во Гостивар и настапот на госпоѓица Шеќеринска во Тетово. Јас такво настап прифаќам колеги пратеници, вие имате повеќе право да бидете колеги бидејќи имате повеќе политичко искуство. Но, тоа е нешто што треба да се прифати. Тој начин на разговарање. Господинот Петковски зборуваше за меѓунационалните односи. Говореше на еден убав тон, на тон и поента што можеше да се прифати. И ние, исто како и Шеќеринска во Тетово, да ви кажам тогаш сфатив дека всушност плановите што беа изговарани од страна на господинот Бучковски се всушност планови на двајца луѓе кои се всушност планови на луѓе кои веројатно меѓу себе.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам, господинот Бучковски не е присутен. Рековме да не се спомнуваат тие што не се присутни. Ве молам таквиот став да се почитува.

**ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА**:

Да, во ред.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Заседовме таков став да не спомнуваме личности што не се присутни овде.

**ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА:**

Да, во право сте, почитуван претседателе. Едноставно, мислам дека, воедно се извинувам за веќе утврдениот договор за оваа седница. Едноставно, мислам дека договорот на тие двајца луѓе меѓу себе, бил интерен и можно е сега тие да не знаат за тоа, нивните членови да не знаат или пак едноставно не го прифаќале дека има некаков план.

Имам уште еден аргумент, кој може да биде мој, личен, дека тие не знаеле, кој можеби не е точен, но едноставно мене тогаш ми помогна да размислувам позитивно. Аргументот е следен. Кога беше најтешката прес конференцијата на СДСМ, кога ми се чини дека беше најжештена атмосферата, господинот координатор на пратеничката група, имаше една многу убава колумна, во која говореше сосема со други тези, можеше да каже, да кажеме, за тие планови. Не се нафати за плановите. Човекот можеше да каже како се одвиваат односно од обете страни како се одвива кампањата и човекот тоа не го направи. Сега, не говорам за онаа колумна, за која медиумите многу говореа. Не говорам за она дека господинот координатор го имаат разбрано во својата партија, говорам за еден друг аргумент. Говорам за тоа дека координаторот зборуваше за поткрене народ на нешто, на некаков обид кон негативна енергија. Тоа е една работа.

Втора работа, јас не реков Вие да не ме навредувате за време на кампањата, да не кажете дека Валентина не ја говори вистината, дека тоа изневерија, тоа изневерија. Па ние и од наши членови кога одиме на пазар ќе Ви речат: тоа ни ветивте, ни направивте. Тоа е така, тоа е нормално. Говорам за нешто друго, само не ме разбравте. Кога Вашиот лидер овде на една од најклучните седници со неговата рака удираше дека тој ќе биде тој кој ќе го прекине октоподот. Беше работа која ние ја прифативме, ја прифати македонската јавност, но никогаш не се вистини, никогаш ништо не се случи, а беше една крајна исповед. Тоа исто така беше прифатлив тон да кажеме и сите јавно го поддржаа. Значи говориме за сосема различни работи. А што се однесува за тезата дека не сум говорела за локалните избори, можам да Ви кажам дека не Ви е точна. Ќе ви објаснам и зошто. Ако зборував за убиството конкретно, ако зборував за тепањето конкретно, ако зборував за пресметките меѓу СДСМ, ВМРО, ПДП, ДПА, знаете што ќе значеше тоа? Ќе морав да се вратам во еден емотивен сегмент од мојот живот во кој мој добар пријател интелектуалец, човек со високо реноме на филмот, критичар на филмот, еден ден го најдоа обесен. И никогаш не се објасни зошто е обесен. Ако зборував госпоѓица Шеќеринска за тепањата, за убиствата, ќе морав да се вратам на атентатот на господинот Глигоров, за песокта која беше барана во ВМРО-вските куќи, за луѓето кои беа претепани од полицијата, и им паѓаа бубрезите, за еден куп граѓани, јас живеам во Влае, од Ѓорче Петров кои беа приведувани, за 1994 година госпоѓица Шеќеринска, за се што подзамирисуваше на ВМРО-ДПМНЕ, беше приведувано, за се што беше приближно до ВМРО-ДПМНЕ, беше регистрирано, па се правеа досиеја. Знаете дека повеќето од луѓето имаат досиеја, знаете дека им се некакви ордени кои треба да се случуваат во Македонија и да се даваат. Тоа мене многу ми се допадна и тоа ми даде знак дека ни ја потврди, всушност, тезата по она дека имаше, имаа убав настап пратениците во Тетово и во Гостивар, дека навистина, има луѓе кои можеби кој тон и таа интонација кој ја има претседателот на изборниот штаб, дека не се согласуваат со тоа или пак дека не го прифаќаат. Јас верувам дека тоа е така, бидејќи тврдам дека од локалните избори, нивото, трендот, кои тоа тие го прават на СДСМ, на партија која е голема партија, на партија, како што кажа еден дискутант од СДСМ, дека е партија која масовно го повикува народот. Зошто да не? Ние бевме во опозиција и масовно го повикувавме народот, масовно доаѓаше на митинзи. Сега, тие го повикуваат народот, добро поминува нивните митинзи и немаше некакви непријатности на случувањата. Просто, мислам дека двата аргумента во Македонија дека, навистина, со волјата на народот може да се промени власта, дека е тоа нормален процес, дека е тоа демократски процес, е многу тешко се уште да влезе во мислите на обичниот човек.

Всушност, тој влегува, меѓутоа, главните виновници сме ние како политички субјекти, како индивидуи. Зашто, ако вие не го достигнеме степенот до толку на политичка култура да си кажеме, дека јас како Валентина, навистина немам право да размислувам дека мојата партија мора да биде вечно на власт или обратно, дека мора за 2 години СДСМ да се врати на власт, но на начин кој е неприроден за македонскиот народ. Тоа е работа, која всушност, го тера овој народ и политичкото милје во Македонија да се подели на СДСМ-овски и ВМРО-овски. Дека, вие немате институција во која ќе појдете, да се пренебрегне фактот во кој ќе ве погледнат жестоко и *ќе* речете: Е, тоа е ВМРО-вец, таа е ВМРО-овски, тие се СДСМ или не знам што. Немате институција во која партизацијата која ние ја говориме тука дека постои, всушност, таа не постои. Постои нешто друго. Реалниот момент дека може да дојде промена на власта и дека таа власт може да си замине, доколку не работи како што треба, но, дека не е важно да дојде СДСМ дека може да дојде и сосема друга политичка партија. Тука е проблемот. Значи, нашето влијание врз политичките судови, едукацијата на нашиот народ е наша вина. Дека, ние сега се донесовме до таков момент, до таков миг, што во Македонија ако сега следуваат било какви избори, многу скоро, народот ќе подразмисли. И, нашиот електорат и електоратот на СДСМ, и електоратот на ПДП и на ПДПА, дали да излезе. Ние внесовме страв, со тоа што демократијата, слободата на слободното размислување го сведовме на 4, на 5 закани, на 4, 5 реченици. Но, малку го проширив овој вовед, не сакав да биде прејдоа до ваков начин, меѓутоа, има нешто што мене ми се допадна многу скоро после митингот на Охрид, а тоа беше А1 телевизијата, за која што јас навистина мислам дека она што ние велиме медиумско информирање, дека електронските и печатените медиуми се на СДСМ, дека е тоа една генерална вистина во Македонија. Дека, медиумите, всушност не пристрасно, туку повеќе од непристрасно им припаѓаат ним. Од една страна најголемиот пад на информативниот простор во Македонија го чувствуваме токму сега, во овој период од 1 година. Но, се прашувам, има новинари кои се оградија од тоа и јас им благодарам на тие новинари и тие новинари ќе бидат секогаш добри новинари за Македонија. Тие новинари секогаш ќе ги читаме. Тие новинари ќе не сретнат на улица и можат да ме прашаат било што, ќе в сретнат вам или било кој од вас, можат да не протолкуваат, можат да ни кажат одредени свои тези и ние да ги прифатиме или не. Меѓутоа, има новинари кои влегоа длабоко во политиката на СДСМ, не знам од кои причини, заборавајќи ја сопствената биографија, при тоа мислејќи дека еден ден ќе дојде СДСМ на власт и дека тие ќе влезат во нивната политичка шема и дека ќе бидат главен аргумент на нивното политичко влијание. Мислам дека тогаш тие ќе доживеат жесток пад. Дека со СДСМ не може да ги собере сите новинари, не може да бидат сите нивни. Пак, ќе се најдат тие двајца или тројца новинари, кои објективно ќе ја градат политичката мисла во Македонија.

Затоа, мислам дека имавме страшен пад на информативниот простор. Новинарите мислеа ако изгубиме, ако изговорат 4-5 збора против некого, ако изговорат невистини, дека можат да му одземат нешто на тој човек, дека можат да го етикетираат. Не, едноставно ја бришат сопствената биографија. Дека, таа хистерија на лоши, на погрдни зборови во Македонија, беа погрдни зборови Македонскиот народ, до македонскиот електорат, до политичкиот суд дека всушност ние за неколку години ќе немаме луѓе кои ќе знаат како да гласаат. Дека, ние, си поигравме со македонскиот народ. Дека тој навистина е збунет и во контекст на тоа, дозволете, тука имаме интерпелација на генералниот директор на МРТВ. Но, имавме две писма во печатените медиуми, кои доаѓаа од радиодифузијата. Јас ве прашувам, тоа е сосема во ред, тоа ќе го разгледуваме на седница и ќе си ги кажеме ставовите, меѓутоа, во една жестока ситуација кога ние ги спроведувавме локалните избори, се случуваш паралелно една друга работа. Ако ја вклучевте и Сител, МТМ, А1 телевизија и сите други медиуми, освен МРТВ, после полноќ ние го чекавме извештајот за локалните избори. После полноќ имаше таканаречени, не знам веќе како ги нарекуваат жешки линии. Знаете зошто е тоа така? Затоа што во општество во кое се спроведува вонредна состојба, во општество во кое се дефинира дека може да дојде до референдум, се извинувам, во држава, во која се аплицира дека е можно да дојде до промена на власта, и тоа како е добро за деградација на целокупната атмосфера да се долее и еротски, не знам, жешки

линии. Се имаше мирис на трула нација во државата. Згора на тоа немаше ни едно писмо, ниту од опозицијата, ниту од позицијата дека некој може да испрати такво писмо и љубезно да ги замоли дека тие луѓе треба да се дрзнат д аги прекинат тие работи на телевизијата. Туку, само ја вжештуваа атмосферата. Затоа, радиодифузијата, кога го даде, но го даде после 12 дена соопштението, требаше да се појде во демократска држава и да им се земат концесиите на тие телевизии. Но, тоа го оставам тука, оставам да пресуди, просто, јавноста и да го анализира тој момент.

Ќе се навратам на мигот на реакцијата на А1 телевизија, која за мене беше, можеби еден од вторите клучни мигови. Реакцијата на А1 и на остроумниот новинар, господинот Чомовски беше ваков, внимавајте: Тоа е само три дена по митингот во Охрид и" нели, во однос на овие тези кои ги изговорив дека можно е членството на СДСМ да не знаел за плановите А, Б, Ц и ние да стравуваме како политички субјекти и како нарочно може да се случи, дали може некој да дојде, на крајот, во Собранието, да ја сруши салата на Собранието и да го направи монтираниот протест што се случуваше во Србија. Вака, господинот Чомовски го прашува господинот ваш портпарол, вели: 'Дали мислите дека тој тип на политичка тензија не создава во Македонија атмосфера на регуларност на процесите?" Одговорот на вашиот портпарол, како што тој љуби да каже, како што не нарекуваше дека сме ступидни, а е професор на Универзитет, па не нарекуваше нашите портпароли дека се Хипо и Чипо, пак, дека не знам се какви зборови просто не можам да се сетам дека е можно еден таков универзитетски професор и потпретседател на таа партија да се изговараат такви зборови. Вели дека оваа власт ништо не придонесе во Македонија да живееме помирно, да има хармонични и релаксирани меѓунационални односи, како што тие кажуваат. Влегуваше од секоја прес конференција во негови лични небулозни, при тоа негирајќи дека има тензија и вонредна состојба, а веќе идниот ден предизвикуваше вонредна состојба.

Понатаму, го прашува господинот Чомовски, велејќи дека дали не сметате дека промената во стилот на однесувањето, всушност во однесувањето на стратешките определби на СДСМ, дека всушност промената на стилот, дека беше токму тој промотор. Сметајќи дека овие методи, господинот Чомовски ги имаше изјавено како револуционерни методи и вели 'Не сметате ли дека револуционерните методи, за кои ве обвинува власта во примената на нејзиното сменување" Господинот Бучковски, се извинувам претседателе, господинот ваш портпарол рече дека тоа не се вооружени методи и дека тоа се други методи и дека нема никаква волја СДСМ и некакво морално право оваа власт, по секоја цена да останат 4 години на власт. Тука, господинот аплицираше точно дека на двајцата луѓе кои ја водеа кампањата не им е важно ништо друго, освен по секоја цена на било кој начин враќање по две годишно владеење на оваа власт, враќање на политичката сцена во Македонија.

И, уште нешто, го прашува за регуларноста, за резервите, всушност, дека тој начин на однесување господинот Чомовски ги има изговорено како резерви околу регуларноста на изборите и дека тоа беше, практично аванс за евентуален политички дебакл на СДСМ. Мислејќи дека е тоа можно да биде алиби за СДСМ, ако се случи тоа.

И на крајот на краиштата, не беше значајно дали изгуби СДСМ не беше значајно дури после такви, како што кажа и премиерот, дека немаме право веќе да се израдуваме кога ние имаме еден случај во Кондово, кога ние го имаме Минов, проблемот е што тензијата продолжуваше дотаму што, кога се појавија тие таблички на бугарски регистрации, или пак, коли кои немаа регистрации, истите тие регистрации беа и во Струмица, беа истите и во Охрид. Како е можно тоа? Каде е одговорот на сето тоа? Значи, тие луѓе, како што тука имавме признавање, беа платени од некого. Знаете, некој може да се оправда дека тоа било за храна, дека тоа било за такси, за нив итн., меѓутоа, ако од овој парламент не излеземе и да го заборавиме поимот платеници, поимот ректорство, за кој јас прв пат во 1998 година, кога се кандидирав за пратеник, ден пред изборите ни кажаа дека ќе има кршење на кутиите. Јас прв пат тогаш, на прашање, анонимно се јавуваа во изборниот штаб, кога не знаев што значи зборот ректорство, јас слушав во 1994 година, но од исто вакво паралелно стравување ми кажаа дека двајца рекетари кои се многу познати од Ѓорче Петров, се двајца браќа близнаци и се викаат Даниел и Дејан, јас како жена

морав да појдам и да ги замолам многу културно и тие одговорија многу учтиво, да ги замолам дека по секоја цена да не случи кршење во мојата изборна единица. Момчињата ме пречекаа многу љубезно и ми рекоа, од прилика ќе парафразирам, дека тие во Ѓорче Петров нема да прават никакви екцеси, но дека тогаш ќе бидат на задолжение во Охрид. Значи, секогаш Охрид бил центарот на случувањата. Дека веќе никогаш кога ќе излеземе на митинзите, нема да кажеме да Охрид е лулка на цивилизацијата, на христијанството, за што тоа го извалкавме. Зашто тоа некој сакаше да го извалка со донесување на момчиња од Кочани, со момче, кое за жал, дури и еден човек со свој ангажман во Медицинскиот центар, еден реномиран хирург, влезе во политичката кампања на СДСМ и изговори дека нема операциони сали, дека никогаш немало повеќе сетови на клиниката. Изговори еден ред невистини, а не е така, бидејќи како никогаш повеќе на клиниката, особено на неврохирургија, од кога е на чело господинот Владо Јаневски, нема толку операциони сали, нема толку сетови, нема толку подготвеност. Направивме од момчето политички случаи. Бидејќи, јас навистина бев загрижена, тој е граѓанин и не е важно ако вие го квалификувате како човек, како момче од СДСМ. Момчето, всушност, нема ниту прострелна рана, момчето е такво што случајно му поминал метакот, не е лошо раната не е лоша, во животна опасност е. Појдов лично да го посетам момчето, но во мигот спиеше и бидејќи не сакав да го вознемирувам, му патив поздрави, влегов кај докторот, тие ми кажаа дека имало посети од СДСМ и реков, доктор, јас, а го имам и лично извештајот од неврохирургијата и ги повикувам македонските информативни гласила, зошто тоа не го објавија. Секој од нас утре ќе влезе во таа клиника, не е важно дали е ВМРО-вец или од СДСМ, дека некој ќе мора тој човек да го оперира. Дека некој нас мора да не прегледа еден ден. Исполитизираме се. Ги Исполитизираме детските градинки и клиниките. Затоа, мислам дека не треба ниту ние да се радуваме, но не треба да се вжешти СДСМ.

И, околу тоа, кое навистина прозвучуваше многу непријатно со планот А, Б. Јас длабоко верувам, ако е она што е искрена изјава дека немало такви планови. Меѓутоа, сите изјави, се што беше дека ВМРО-ДПМНЕ ја крчми државата, дека душмански, дека луѓето кои беа на чело со лидерот на СДСМ, Петар Гошев, кој никако не може да заборави и кој само ја допласира, само со еден куп лажни тези ја демаскирање својата личност за бугарофилството во нашите редови, за господинот Ѕинго на кој ни една теза не можев да му фатам на неговите митинзи. Господинот Гошев се дрзна во Кочани да каже дека мајчината мајчина на оние што ќе гласаат за ВМРО-ДПМНЕ. Тоа е, кажете ми, ако еден ден тој човек мисли дека може да биде премиер, како ќе се потпише зад министерот за култура. Како ќе се потпише господинот Црвенковски кога ќе изговори дека имаме ненормална состојба, ненормална власт, како ќе излезе. Па, извинете, јас сакам од моите лидери, од моите пратеници од другата страна, од оваа страна, да научам и како треба да се однесува, како треба да се говори, меѓусебно како може да си преземеме тоа што е добро. Но, не можам да се согласам со луѓе кои ќе прават списоци, кои ќе згазат, кои ќе столчат, кои ќе минираат. Значи, нивниот вокабулар, нивната реторика не е воопшто променета, прочитувани, од она што на времето значеше правење на досиеја. Само тоа што е сега вербално, само што тоа е сега реторички, само што сега е тоа изразено со декларативни реченици во кои во македонскиот јазик, секогаш сум сметала, ако некој говори декларативно, тогаш не ја говори вистината. Или пак, едноставно, господинот Црвенковски, ќе речат, тие лажат. Не се говори лажат, се говори не ја говорат вистината. Има некои правила на однесување дека утре може да речат, да, Валентина е од ВМРО-ДПМНЕ, но кога ќе излезе од тука дека можам да го посетам момчето и дека може било кој од СДСМ да ми пријде и да поразговараме. Затоа, ја поддржувам идејата на некаков меѓусебен политички консензус на меѓусебно однесување, потпишување на однесување во текот на било кои избори. Јас морам да ви кажам дека бев директно вклучена во изборите и дека ми беше многу мило што бев член на Републичкиот изборен штаб, во кој претседател беше, една исклучителна личност, господинот Марјан Ѓорчев, кој постојано не предупредуваше и секојдневно дека, ве молам, изговоривме дека ќе водиме позитивна кампања, дека ќе говориме со убава лексика и така правевме.

**ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА**: (Продолжение)

Една ваква работа да кажат еден збор, еден единствен збор од луѓето, вклучувајќи ги пратениците, министрите, портпаролите наши, г-динот Глигоровски, потоа г-динот Ѓорчев итн, ако ми најдат еден единствен збор со кој политичката партија ВМРО-ДПМНЕ мојата партија направила некакво наградување на СДСМ. Таков збор нема. Јас намерно влегував во мониторингот на мојата партија да видам што е тоа, каде грешиме. Оти тоа се емоции, на трибините се случуваат емоции, вие можете да изговорите нешто за кое подоцна ќе се каете и тоа може секому од нас да се случи. Такво нешто немаше. Затоа од другата страна имаше и затоа мислам, почитувани колеги од СДСМ дека она ниво што некој го градеше долго време во вашата партија дека двајца луѓе тоа го минимизираа, внесоа нешто што е депонија на лошо однесување.

На крајот би сакала, не сакајќи всушност, да ја коментирам изјавата на премиерот на РМ, дека никој не сакаше ни печатените медиуми, да ја протолкуваат онака како што требаше да се протолкува. Јас тврдам дека она што тој го изговори на годишната конференција на нашата партија, дека што ако ги изгубиме локалните избори, па што ако ги изгубиме и идните парламентарни избори дека јас, вие немаме што лично да изгубиме. Македонија е извор на чувство, вие се раѓате, висок е вашиот патриотизам за Македонија и ја сакате и никогаш не заминувате од неа бидејќи е место каде живеете, дека немам што да изгубам ако изгубам на изборите, дека не можам по секоја цена ниту да ја задржам ниту да ја добијам власта. Тврдам дека зборовите на годишната конференција на премиерот е состојба во која така се разговара во мојата партија. Дека не би била ни пет минути од таа страна, или пак ако не друго би се изразила или во колумни или јавно ако не е така, ако не постојат навистина едни нормални,реални односи во партијата кај нас. Г-динот Георѓиевски кога кажа- јас ќе ви го вратам г-динот Црвенковски нели сега во парафразирање на таа реченица, всушност беше не е проблем, немојте да се случуваат крвави настани како што се случуваа, дека нема потреба од лажни импанации. И кога една од изјавите на вашиот претседател беше "бегаат како ѓавол од крст", дека тие не се способни да го повикаат својот народ, својот електорат, дека тие не се способни да излезат пред македонската јавност - е, тогаш се фати некој на јадицата. Всушност можеби јас бев од тие луѓе кои рекоа, па чекајте, зошто да не направиме еден митинг. Всушност, немањето на митинзите беше еден аргумент дека не сакаме лоши односи, вжештени, тоа беа локални избори, требаше да се случуваат локални манири во политиката тогаш во Македонија. Се отвораат патишта, не се отвара, се разговараше со аргументи или не се разговараше со аргументи. Премиерот воопшто и претседателот на Републичкиот изборен штаб не сакаше да имаме митинг, но не заради тоа што бегавме од сопствениот електорат, туку едноставно заради тоа што да ги дебалансираме односите, да се стивнат нештата во Македонија. Кога требаше да се случи митингот во Скопје, се случи и тој покажа дека легитимитетот на оваа партија, на оваа власт всушност не е потврдена , туку дека таа си останала на нивото на кое победила, не е значајно. Вие можете од СДСМ, од вашиот електорат, да не ви се допаѓа ваква и онаа реформа која ние ја правиме. Но се покажа една друга работа, дека е зголемен електоратот на ВМРО-ДПМНЕ, воопшто цело членство и кое не можеше да дојде, дојде, но не заради тоа за да ни потврди дека се уште е со нас, не заради тоа да каже дека сме толку моќна политичка партија, дека сме силен политички аргумент во Македонија, туку дојде да потврди дека не му се допаѓаше тоа што го зборуваше г-динот претседател на нашата партија, дека не беше во ред таква работа. Знаете, кога се движевме митингот што зборуваше народот? Ако, вели, докажете им дека сме моќни дека можеме. Затоа го говорам тоа.

(Уфрлување од некои од пратениците со зборовите "докажете"). Не, Г-дине Иловски не докажавме. Не докажавме знаете зошто? Сега ми реплицирате од место. Бидејќи во Велмеј кога бевме на трибините, на сред политичка трибина, луѓето влегоа, не знам кои беа. Не можам да кажам дека беа рекетари, но влегоа и почна тепаница на сред трибина во Велмеј. 20 коли од ВМРО-ДПМНЕ беа буквално прекинати на мостот во Слатино. Прекинати и знаете што се случи? Јас ја прекинав трибината и наеднаш почнаа луѓето меѓусебно да се тепаат, не знам како прекина после 10 минути. Но тоа одеше и на снимена касета на МТВ. Таа касета постои. Ние сега тука говориме за тоа, а тие момчиња се испотепаа во мигот. Влегоа наеднаш, тие беа да кажеме симпатизери на СДСМ и нормално, кога некој ќе влезе и ќе ве нападне, момчињата мораат да ја задржат атмосферата на трибината итн. Но

добро, не мислев ништо лошо кон тоа, но просто да ви кажам дека имаше многу села во кои се движат, имаше многу градови и имаше многу непријатни ситуации кои се случуваа, не беше во негативен контекст изговорено.

Сакам само на крајот да кажам дека не мислев воопшто да говорам долго и сега ми е жал што во една таква насока говорев дека сум можеби со некакви поинакви заклучоци на мојот разговор. Но бидејќи сум човек што сум завршила некаков факултет што е од културата и што секогаш би сакала да поентирам со нешто што може да ми влези во мислите е следното. Не знам дали во вашата политичка партија, во нашата не знам дали има франкофони, имаше еден франкофон таму. Има еден поет Ивон Фоа (дофрлување од место) - не, не е важно, се шегувам само, сакам да ја релаксирам состојбата. Има еден поет и има една песна која мислам дека може да биде една од најантологиските песни во светската ризница на поезии и има еден стих ваков: вели дека треба да се пречекори смртта за да се живее. Тоа значи дека на локалните избори се случија толку немили настани што е всушност еден континуитет на се она што далечната 1991, 1992, 1993 се случуваше на луѓе од ВМРО-ДПМНЕ, на агресијата која тогашната полиција ја правеше врз тие членови, а сега замина едно момче од Кондово, рането е едно момче од Кочани. Дека всушност ако дојдеме во ситуација да ни се случуваат убиства и ако притоа не знаеме дека секој од нас има билет за еден правец на овој свет, дека ќе заминеме, дека тој што можеби има милион марки исто така ќе замине, како што тој нема денар во џебот. Дека тоа не е значајно, значајна е поентата за да живееме нормално, тоа се случи, се пречекори смртта, значи се случи смртта во Кондово. Никогаш повеќе да остане еден договор меѓу нас никогаш повеќе во Парламентот да не се разговара за вакви информации.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г-цата Валентина Божиновска за учество во расправата.

Пратеникот Никола Поповски беше спомнат во излагањето.

Има збор г-динот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Г-дине претседателе, дозволете ми во рамки на деловникот како координатор на пратеничката група да изразам едно незадоволство па ако сакате и протест, прво заради фактот дека во дискусија скоро од 60 минути една третина од времето се издвои за коментар за однесувањето на човек кој не е член на Парламентот кој не е ниту во некаква релација со Парламентот, односно не е ниту избран, ниту именуван на никаква функција во овој момент од Парламентот. Со самото тоа, Парламентот го руши својот дигнитет зборувајќи за луѓе кои немаат ама баш ништо со она што тука се случи. Дозволете во тоа име да изразам и благодарност до вас, дека тоа го потенциравте, меѓутоа тоа не роди плод, за жал.

Второ, дозволете како координатор на групата да протестирам заради фактот дека една третина од дискусијата воопшто не беше насочена на темата туку се искористи собраниската говорница да се расправа по сопствено видување за состојбите во СДСМ, што апсолутно не е тема на расправа и сега замислете како би било, како што направи дискутантот па кажувајќи Никола Поповски и Наќе Стојановски се прифатливи за ВМРО-ДПМНЕ, а не бил прифатлив Бранко Црвенковски, јас сега да дискутирам како говорник 30 минути како за нас од ВМРО-ДПМНЕ не се прифатливи на пример Валентина Божиновска и Љупчо Георгиевски, а е прифатлив Јордан Бошков и за тоа да трошам 20-30 минути. Мислам дека апсолутно нема никаква логика во тоа.

(Смеење, реагирање во салата).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор г-цата Валентина Божиновска, реплика.

**ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА:**

Знаете во што е разликата Г-дине Поповски, меѓу мене и вас?

Разликата е во тоа што кога го кажавте ставот на Вашата пратеничка група јас ви поверував, бидејќи имавте тон колку сте загрижени. Јас како пратеник имам право да говорам и да анализирам, нели. Меѓу другото, еден од вашите пратеници кажа дека сопствена волја е , и тоа и те како се држев за анализите, само од многу различни тези, нели? Јас можев да говорам за преминувањето на пратениците од ВМРО-ДПМНЕ во ВМРО-ВМРО. Тоа не го направив. И тоа е една од информациите затоа што имав еден единствен аргумент. Знаете кој е тој аргумент? Тој аргумент е следниот, дека тие луѓе исто така имаат право да заминат, дека тоа право им го дава демократијата во Македонија, дека всушност со сето ваше однесување ја кочите демократијата во Македонија, слободната мисла во Македонија и дека јас не направив како г-динот портпарол да говорам на трибините за

него, туку тој говореше за многу луѓе на неговите ПРЕС конференции. Нема да дозволам г-динот Бучковски да говори за г-динот Глигоровски, за еден куп луѓе што зборуваше и да го коментира премиерот. Разбирате? Јас и вие сега говориме за различни тези, вие имате едно оправдување, и тоа стои, но стои и мојата теза за она што говорев. А за колегите пратеници, почитувани, секој за себе. Некој може сега од таму да си замине, па да направи сопствена партија. Тоа е нивно право, не сакам да ги коментирам. Жал ми е тоа што се случуваше навистина, особено за децата, особено за нивните семејства, жал ми е и за нив. Меѓутоа, можеби сето тоа се случи од едноставна причина заради тоа што нивното излегување од партијата ВМРО-ДПМНЕ беше во екот на локалните избори. Ми се чини дека ако беше пред тоа, ако беше сега дека тоа што се случуваше... Но повторно ќе кажам дека тоа е нивна волја и дека тие имаат право, како што имаат овде право да се однесуваат онака како што тие сметаат и со нивните тези.

А не, Г-дине Поповски , јас не изговорив дека вие ми се допаѓате и вашиот стил. Грешка е тоа. (Смеење во салата). Стилот, говорев за реториката. Ако ме сфативте погрешно, тогаш ми е многу жал. Јас претпоставувам дека вие во мигот, ако ги следевте сите дискутанти на ВМРО-ДПМНЕ, можете вака да изговорите: Божиновска има ваков тон и тоа не ни се допаѓа, но може да се разговара со неа или пак Крале Спанчевски има онаков тон или Деспина или не знам кој таму. Значи на блок ги отфрлате сите аргументи од оваа партија и тоа не е добро. Никогаш нема да можеме да се договориме.

(Некои пратеници бараат реплика).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Нема повеќе, никој не е спомнат. Дали беше спомнат г-динот

Наќе Стојановски? Колку што можам да разберам Г-дине Стојановски г-гицата Валентина не ве спомна вас.

Г-динот Наќе Стојановски во репликата е спомнат, така ли беше?

Има збор г-динот Наќе Стојановски, само како реплика.

(Г-динот Наќе Стојановски излегува на говорницата, но г-гицата Валентина Божиновска од место реагира со зборовите "не го спомнав").

Г-дине Стојановски, и вие не сте биле спомнати, еве кажува дека не сте биле спомнати. Еве, самата кажува дека воопшто не ве спомна вас. Немојте сега.

(г-динот Наќе Стојановски стои во близината на говорницата и вели "еве, кажуваат дека сум бил спомнат").

Самата кажува дека не ве спомнала воопшто вас.

Г-гицата Божиновска- кажува дека не сте спомнати.

Ве молам, вклучете ја г-гицата Божиновска.

Слушнал и Никола Поповски му рекол дека сте биле спомнати.

Дај кажете ве молам.

Вклучете ја г-гицата Валентина Божиновска. Сега Валентина ќе каже.

Г-дине Стојановски, вратете се на место, па од таму ако треба ќе се јавите. Сега ќе каже г-гицата Божиновска.

**ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА:**

Навистина ми е многу жал, воопшто со ниеден збор не беше спомнат г-динот Наќе Стојановски...

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-дине Стојановски, вратете се на своето место.

**ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА:**

Туку во некакви примери го спомна г-динот Никола Поповски.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Реплика има г-динот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Г-дине претседателе, дозволете само како координатор да реагирам на фактот дека може да не се спомене име, меѓутоа, доколку точно се лоцира неговата функција без да се спомене името тоа е совршено сеедно. Г-гицата Божиновска рече однесувањето на Никола Поповски и претходните два портпароли на СДСМ. Портпарол на СДСМ јас не сум бил, била Радмила Шеќеринска и пред тоа Наќе Стојановски. Во таа смисла, тој е споменат како претходните два портпароли на СДСМ.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам, имиња не сте спомнале, нема право на реплика.

Има збор г-динот Гоце Трајановски.

(Реагирање на некои пратеници).

Не сте спомнати по име никој.

**САВО КЛИМОВСКИ**:

Бидејќи бевте спомнати трипати по име, госпоѓица Шеќеринска не може да остане должна.

Има збор Радмила Шеќеринска.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Благодарам претседателе, тоа е кога често се споменуваат имиња во дискусијата, после тоа е тешко да се репродуцира кој колку пати бил споменат. Ние сега сме ставени во непријатна ситуација, сите оние кои што сме биле споменати во негативен и во позитивен контекст како да се однесуваме спрема овој многу јасен и транспарентен обид, да се делат противниците на добри противници и лоши противници. Значи не е злото универзално, има таму и трошка надеж некој споменуваше претходно, меѓутоа сепак злото доминира во таа политичка партија. Јас сакам да кажам две, или три работи. Првата работа е дека очигледно госпоѓицата Божиновска смета дека во Република Македонија не се случија локални избори, туку дека се случи само кампања за локални избори. Па заради тоа се дискутираше исклучиво за она што се случувало на кампањата. Не се зборуваше за пиштолите, не се зборуваше за криминалците, не се зборуваше дури ни за фалсификуваните документи. Тоа мислам дека е затворање на очи пред крупен факт.

Втора работа, кога споменуваше за тоновите кои што доминирале за време на кампањата, јас морам да признам дека не можев да ја следам целата кампања, не можев да ги следам дури ни сите оние кои што настапуваат во име на ВМРО-ДПМНЕ, меѓутоа сигурна сум дека слушнав неколку дискусии, меѓу другото и на госпоѓицата Божиновска кои што воопшто не одговараа на описот кој што таа сега го даде. Јас чув дека СДСМ е партија на криминалци, јас чув дека сите тие на пример во Кратово се исти такви криминалци, крадци, не знам што се не, како неколку имиња кои што беа споменати. Ако е тоа позитивен тон, јас не знам што е негативен, ако е тоа позитивна атмосфера, не знам што е негативна. Меѓутоа, морам да кажам дека за разлика од дилемите кои што биле предизвикани можеби во јавноста, јас ќе се сложам исто така дека живееме во ненормална држава, бидејќи јас не избирам да користам еуфемизми кога се работи за сериозна работа. И ако работите не одат така како што треба, јас го применувам тој термин. Не мислам дека е нормално кога во една држава ќе се одржат претседателски избори како оние што се одржаа минатата година, не мислам дека е нормална држава онаа во која што државата се чисти од сите неподобни, не мислам дека е нормална држава кога Владата функционира на начин на кој што функционира, не мислам дека е нормална држава таа во која што се случува линч на некои пратеници, не мислам дека е нормална држава таа во која што опозицијата на митинзи се осудува за криминална, не мислам дека е нормална држава кога едни исти луѓе апсат, затвараат фирми, отвораат цркви, градат хотели и ресторани покрај сето тоа и советуваат, а и заработуваат, не мислам дека е нормална држава државата во која што сметаме дека е во ред ако има жртви за време на локалните избори. И дозволете ми да го употребам терминот кој што сметам дека е соодветен, а тоа е дека ние живееме во ненормална држава, или во ненормални услови за нејзино одвивање. Затоа, ако некој во оваа држава, ако некој во оваа сала сака да развива добар дух, позитивен дух, ако некој сака да развива атмосфера на дискусија и толеранција, нека оди и нека разговара со сите оние кои што беа притиснати, уплашени, сменети, прераспределени во текот на оваа предизборна кампања и претходно, сите оние кои што ја платија цената што не се членови на некоја владејачка партија. Кога ќе разговарате со нив и кога од нив ќе добиете пардон, или прошка, можеби ќе може во оваа држава да се разговара и на поинаков начин. Меѓутоа, да зборуваме овде за љубов, а на улици да водиме војна, тоа е најблаго речено, лицемерие.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Госпоѓицата Валентина Божиновска има реплика.

**ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА:**

Многу е опасно во животот кога ќе направите компарација за себеси или пак за нешто кое во мигот е ваша професија, или нешто што работите. Знаете што е разликата меѓу мене и вас госпоѓица Шеќеринска? Имаме две главни битни разлики. Е тоа што во животот научив, што и да ми се случи, што и да и се случува на државата, себеси, околу мене, на моите блиски, на моите пријатели, да не се вознемирувам, да не кревам тензија, да не говорам лошо, да не набедувам, да не употребувам грди зборови, да не нагрдувам некого, да не го изговорам во животот. Во животот ви тврдам можеби само еднаш можам да го лоцирам и кога сум го употребила зборот зло. Сум го употребила зборот зло на едно од моите предавања на Академијата кога разговаравме со професорот,

почитуваниот професор Илија Милчин за тезите, нели, лошо и добро. Сега ќе Ви објаснам за кампањата која јас ја имав, го спомнавте Кратово, во Велме, во Слатино говорев за нешто друго. Таму на сцената, на арената, на трибините можеме да кажеме како што овде дека се случуваше криминал, дека се случувало тоа и тоа, дека се случувало, но, во основа Ве молам да го анализирате секогаш задниот момент, да ја анализирате задната моја мисла, односно дали има предомисла, или дали има мисла која може да поткрене народ на нешто, на некаков обид кон негативна енергија. Тоа е една работа.

Втора работа, јас не реков Вие да не ме навредувате за време на кампањата, да не кажете дека Валентина не ја говори вистината, дека тоа изневерија, тоа изневерија. Па ние и од наши членови кога одиме на пазар ќе Ви речат: тоа ни ветивте, ни направивте. Тоа е така, тоа е нормално. Говорам за нешто друго, само не ме разбравте. Кога Вашиот лидер овде на една од најклучните седници со неговата рака удираше дека тој ќе биде тој кој ќе го прекине октоподот. Беше работа која ние ја прифативме, ја прифати македонската јавност, но никогаш не се вистини, никогаш ништо не се случи, а беше една крајна исповед. Тоа исто така беше прифатлив тон да кажеме и сите јавно го поддржаа. Значи говориме за сосема различни работи. А што се однесува за тезата дека не сум говорела за локалните избори, можам да Ви кажам дека не Ви е точна. Ќе Ви објаснам и зошто. Ако зборував за убиството конкретно, ако зборував за тепањето конкретно, ако зборував за пресметките меѓу СДСМ, ВМРО, ПДП, ДПА, знаете што ќе значеше тоа? Ќе морав да се вратам во еден емотивен сегмент од мојот живот во кој мој добар пријател интелектуалец, човек со високо реноме на филмот, критичар на филмот, еден ден го најдоа обесен. И никогаш не се објасни зошто е обесен. Ако зборував госпоѓица Шеќеринска за тепањата, за убиствата, ќе морав да се вратам на атентатот на господинот Глигоров, за песокта која беше барана во ВМРО-вските куќи, за луѓето кои беа претепани од полицијата, и им паѓаа бубрезите, за еден куп граѓани, јас живеам во Влае, од Ѓорче Петров кои беа приведувани, за 1994 година госпоѓица Шеќеринска, за се што подзамирисуваше на ВМРО-ДПМНЕ, беше приведувано, за се што беше приближно до ВМРО-ДПМНЕ, беше регистрирано, па се правеа досиеја. Знаете дека повеќето од луѓето имаат досиеја, знаете дека им се влегуваше на интимните животи на луѓето, знаете дека животите им се растурија на множина луѓе, дали знаете дека имаше седум убиства кои никогаш не се објаснети во Македонија? Не знаете. Од овој миг нема никогаш да Ви реплицирам, затоа што сега влегов во интонација, и во тензија која не сакам да Ви ја покажам, односно Ви реплицирав на Вашата реторика, Ви реплицирав на Вашата енергија, а тоа не го сакам, бидејќи во мојата душа немам никогаш за никого зло.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Последен пат, трет пат госпоѓицата Радмила Шеќеринска.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Втор пат, секој пат имам дилема дали на дискусија која што целосно ја изместува точката на разговор, дали воопшто да реплицирам. Меѓутоа, можеби во прашање се емоции па не можеме од нив да избегнеме. Многу разлики има меѓу нас, Вие ги избравте оние кои што ги сакавте. Најверојатно списокот би бил подолг. Меѓутоа, еве доколку земеме дека зборовите кои што Вие ги говорите секогаш се вистина, бидејќи тоа Вие така го велите и дека до 1998 година постоел невиден терор врз членови на ВМРО-ДПМНЕ, вклучително претпоставувам и вас кои што сте имале навистина потешкотии претпоставувам и приватни и професионални, заради тоа, зошто од 1998 година не го исполнивте едно од многуте ветувања, или закани кои што ги дадовте, а тоа е дека ќе ги расчистите тие случаи. Ја имате полицијата, ги имате обвинителствата, можете да го направите тоа што сметате дека е потребно. Но, за тоа да се случи треба да најдете барем минимум докази и очигледно со доказите стоите малку потешко. Ако прашувате колку убиства останале нерешени и тоа го користите како клучен аргумент, распрашајте се само кои се светските бројки во поглед на неразјаснети убиства, но уште позначајно пребројте колку убиства има нерешени во Македонија од 1998 година до 2000, па да правиме математика, да правиме анализа, па ако треба и политичка. Вие кажавте една реченица претходно која што мислев дека Ви се испуштила, точно е дека на сите ни се случува, па не ја споменав. Вие го кажавте следното, сега морам да го повторам. Ова што се случува е заради агресијата која што се вршеше врз ВМРО-ДПМНЕ во минатото, со што директно

потврдивте дека се она што ни се случува во овие две години, вклучително и локалните избори е всушност процес на враќање на долгот, процес на враќање на омраза на некоја по мене измислена омраза. Вие потврдивте со таа теза дека некој водел сметка, досиеја, сметка, листови напишани со докази, или квази докази и дека сега враќа за сето тоа што се случувало. Тоа ли е демократска држава? Ако велиме дека сме Исполитизираме се, а бидејќи ја споменавте клиниката, одете госпоѓица Божиновска, па погледнете на што ни личи нашата државна клиника, па пребројте колку постери со господинот Трајковски се излепени по сите згради и дали некој друг претседателски кандидат можел, или го направил тоа? И немојте да зборувате дека политизација на случајот е кога некој зборува, стручњак, дека два часа се чекало на операцијата заради немање на одреден елемент. Тоа е политизација? па тоа е здравство, па тоа е здравје, па тоа е живот. И затоа немојте да ја замаглувате дискусијата со ветувања, или тврдења за самата себе дека немате зло. Злото не е во зборовите, злото е во дејствувањето. И Вие можете колку сакате убави зборови да ни кажете, меѓутоа скоро останува ист, скоро останува локални избори со жртви, локални избори со претепани, локални избори со оружје, локални избори лоши како никогаш досега и од тоа Вие не можете да избегате.

**ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА:**

Заради разјаснување. Не е точно дека, можеби е лексичка машка дека сум потврдила дека можно е да се случи враќање од страна на ВМРО-ДПМНЕ кон СДСМ. Историскиот континуитет на оваа држава покажува, имено покажува дека оваа земја страдала од враќања, од не знам врховизам, од нарушување на личниот идентитет на некој човек што имал продуктивна мисла, непродуктивна мисла итн. Тоа е нешто што го имаме од Илинден наваму, па ако сакате и со Информбирото итн. Еден голем автор Петре М. Андреевски во неговиот роман има напишано една ваква реченица, вели: доволно е да сте Македонец, па да сте кодош, во духовита смисла. А ВМРО-ДПМНЕ нема ништо вратено госпоѓица Шеќеринска на никој од СДСМ, нема вратено на блиските луѓе на СДСМ, на луѓе кои не се членови на СДСМ, а може да го симпатизираат СДСМ, нема партизација практично. Јас Ви објаснив дека партизацијата всушност е на моментот во кој некои луѓе морале да бидат по природен тек сменети, затоа што дошла промена на власта и биле поставени други луѓе кои припаѓаат на оваа партија. Нема враќање, нема убиства, нема прострели како што некој милува да каже, заради тоа што оваа власт сака, нема враќање. Како не разбирате? Ако има враќање, тогаш таа интонација ќе ја препознаете и кај претседателот на партијата и кај потпретседателите на оваа партија. Такво нешто не е направено во оваа партија, ви велам просто од индивидуални причини. Ако има таква интонација, јас ќе бидам првата која нема да биде во оваа партија. А за убиствата, за тоа што се случувало има државни органи за кои ќе се расправа, имаме информација, имаме Јавно обвинителство кое тоа ќе го среди, имаме Јавно обвинителство кое тоа ќе го реши, имаме еден куп кривични пријави итн.

Што се однесува за реченицата дека е ненормална оваа власт, состојбите на оваа власт. Можете да кажете сосема друг збор, нарушен систем на државата, итн. Мислам дека јас и вие не се разбираме воопшто.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Овде имаме еден краток материјал, релативно краток од 83 страни кој што зборува за изборните неправилности во текот на овие локални избори. Меѓу нив голем број од случаите се токму случаи за кои што ви говорев. Во очи на локалните избори, колку и кои луѓе беа преместени, уназадени, прераспределени, почнувајќи од 200 работници на пример во Југохром, во Крушево каде што господинот кој што вие го истакнувавте како промотор на позитивната политика и позитивната атмосфера директно им испратил решенија во Крушево со кои времено се преместуваат на работа во Дебар, во Дебар исто така други преместувања, луѓе кои што работеле 20, 25 години во одредена сфера се преместуваат на места со 150, 200 километри оддалечени од своето родно место и тоа само заради тоа што решиле да бидат набљудувачи за опозицијата. Треба да ги проучите малку овие работи, треба да се распрашате можеби навистина не знаете. Меѓутоа, предолго престојување во салите и кабинетите штети, заради тоа што не се има врска со реалноста, па може да се зборува дека никој никому ништо не враќа. Оние кои што денеска не слушаат, знаат дека се што можеше се врати и она што не

се случило се враќаше назад со зло. 1996 година на локалните избори каде што требаше да водиме локална кампања господинот Георгиевски стана познат по изјавата: се ќе срушиме, се што било ќе срушиме. Дел од тоа се реализира денеска. Меѓутоа, ако зборуваме веќе за интонацијата ќе ви кажам дека ние можеме да имаме најпозитивна, најмилозвучна, најдобра интонација, но, не е работата да имаме добра интонација. Како не ме разбирате, тоа навистина не знам. Потребно е да имаме добра политика, политика која што нема да биде слепа за работите кои што и се случуваат, политика која нема само да гледа партиски бои. Инаку вие можете да кажете и дека Кувајт, дека Ирак е нормална држава, можете да кажете дека и Југославија до вчера беше нормална држава. Меѓутоа, јас нема да се сложам со Вас заради тоа што таму работите очигледно не одеа во вистинската насока. Затоа ви велам, прочитајте малку, разговарајте со обични луѓе кои што имаат многу необични проблеми и тогаш зборувајте дека се во нашава држава е идеално.

**ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА:**

Јас бидејќи бев кандидат за пратеник на мнозинската листа и една од обврските која беше договорена пред самата кандидатура за пратеници беше обврска на средба со граѓани, на постојани разговори, бидејќи немав канцеларија таму од каде што бев избрана, едноставно тоа го правам секој понеделник, со исклучок кога сум на пат, кога имам други обврски, секој понеделник имам средба со граѓаните, со мојот електорат, со луѓето кои не се членови на ВМРО-ДПМНЕ, и многу пати сум имала, можеби не многу, но пет - шест луѓе кои биле на СДСМ кои дошле просто дошле со некаква молба, за некакво прашање, за некое локално прашање. Што значи аргументот дека не сум меѓу луѓето, не е така, или не смее. Еве, не мислев конкретно на мене дека се однесува. Значи секој понеделник имам средба со граѓани во 12,00 часот во просториите на пратеничката група. Тоа е една работа.

Втора работа, јас мислам дека премиерот изјави Дека во својата канцеларија, во своето опслужување стојат сите луѓе што биле за времето на господинот Црвенковски како премиер.

Трета работа, ќе ви прифатам се што говорите за партизацијата, само со еден единствен аргумент ако ми докажете дека за време на вашето владеење некој од ВМРО во државните институции беше вработен, ако некој од ВМРО-ДПМНЕ беШе со добро чувство од ваша страна, ако не беше нагрдуван со зборови, ако не беше исфрлан итн. Значи, го немате аргументот госпоѓица Шеќеринска за текот на вашето владеење што не значи дека ако еден ден дојдете на власт ќе нема да направите партизација. Апсолутно, поделбата всушност на ВМРО и СДСМ настана заради свеста на луѓето дека никогаш во Македонија не ќе може да се симне СДСМ. Затоа е важен тој психолошки момент, затоа сега вие мислите дека се случува партизација.

И уште еден аргумент, ќе ви го прифатев сето тоа. Јас ќе го погледам тоа што вие кои имате како список, меѓутоа ако вашиот лидер не говори на трибините и на митинзите дека се прават списоци, Дека ќе ги прегазиме, дека *ќе* ги уништиме. Тогаш ќе верувам, ако тоа не го говори.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Со ова мислам дека расправата заврши.

Господинот Љубисав Иванов - Ѕинго беше спомнат.

Дали мислите да реплицирате, или процедурално.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО:**

Господине претседателе, последната изјава на почитуваната пратеничка дека во нејзиното срце нема злоба и зло мене ме направи исклучително среќен. Значи, нема веќе опасност по мојот живот. И јас би сакал да воспоставиме пријателски односи и мирба.

Втората работа дека моите говори не ги разбрала навистина некој пат и мене ми е тешко да разберам кога некој зборува. Мене многу ми беше лесно да ги разбирам поетите од романтизмот, реализмот, ама многу ми беше тешко од ова модерна доба од модернизмот. На пример често пати ќе сретнам мисла вели: "Бела крава, црно млеко дава". Или ќе погледате познат сликар луѓето ги претставува како ѕверови. Еднаш еден го прашав, па зошто така? Ама тој во животот имал големи непријатности, па така ги гледа луѓето. Сега да не би доаѓало до вакви недоразбирања, јас сум спремен да ги преведам тие мои говори, да дадам образложение што сум сакал да кажам. Така што да не губиме време на такви банални работи, тука во парламентот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, за денеска мислам дека е веќе време да прекинеме. Јас му се извинувам на господинот Трајановски, утре ќе говори прв.

Продолжуваме со работа утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,55 часот).